7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведувањето над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6851/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3498.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/07, 88/08, 52/09 и 6/10) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – ЗЛАТО, БАКАР, СРЕБРО И ДРУГИ НА ТД „РФ ИНДУСТРИАЛ СОЛУШНС“ ДООЕЛ РАДОВИШ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПЛАВУШ”, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

1. На ТД “РФ ИНДУСТИАЛ СОЛУШНС“ ДООЕЛ Радовиш му се доделува концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини – злато, бакар, сребро и други на локалитетот “Плавуш”, општина Валандово.

2. Површината на истражниот простор на концесијата од точка 1 на оваа одлука изнесува P=22,40 km2 и е определена со координатни точки меѓусебно поврзани, кои се дадени во следнава табела:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7.619.230,00 | 4.583.640,00 |
| Т-2 | 7.619.220,00 | 4.585.310,00 |
| Т-3 | 7.626.480,00 | 4.583.580,00 |
| Т-4 | 7.631.350,00 | 4.579.150,00 |
| Т-5 | 7.629.990,00 | 4.578.010,00 |
| Т-6 | 7.625.500,00 | 4.582.150,00 |

3. Концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од четири години.

4. Целта на вршењето на деталните геолошки истражувања е откривање на нови наоѓалишта на минерални суровини и утврдување на рудните резерви на минералните суровини – злато, бакар, сребро и други на локалитетот “Плавуш”, општина Валандово.

5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 220.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред склучување на договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата или по завршување на деталните геолошки истражувања.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведувањето над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6852/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3499.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за образување Национална комисија за правата на децата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/07) во член 3, во алинејата 2, сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „нации“ се додаваат зборовите „и на Факултативните протоколи кон Конвенцијата (Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на вклучување на деца во вооружени конфликти)“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6893/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3500.**

Врз основа на член 29 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Да се изврши продажба на недвижни ствари, сопственост на Република Македонија – корисник Министерство за одбрана, лоцирани на КП бр.178/3, запишани во ИЛ бр.217, викано место Кочани за КО Дрен и тоа:

- објект (зграда) бр.1 со вкупна етажна површина од 28 м2;
- објект (зграда) бр.2 со вкупна етажна површина од 28 м2 и
- објект (зграда) бр.4 со вкупна етажна површина од 8 м2.

Член 2

Продажбата на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука да се изврши по пат на јавно надавање со почетна цена утврдена од Општина Демир Капија, согласно Методологија за утврдување на пазарна вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/05 и 40/10) и тоа за:

- објект (зграда) бр.1 износ од 191.929,6 денари;
- објект (зграда) бр.2 износ од 191.929,6 денари и
- објект (зграда) бр.4 износ од 73.564,00 денари.

Член 3

Огласот за јавно наддавање за продажба на недвижните ствари, да се распише под следните услови:

- недвижните ствари – објекти од член 1 на оваа одлука, се продаваат одделно;
- паричниот депозит за учество на јавното наддавање изнесува 20 % од почетната цена на недвижните ствари, со уплата на депозитната сметка на Министерството за одбрана;
- рокот за плаќање на депозитот – најдоцна два дена пред денот на одржување на јавното наддавање;
- условите што треба да ги исполнат наддавачите за учество во јавното наддавање ќе бидат утврдени од страна на Комисијата на Министерството за одбрана за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Република Македонија – корисник Министерство за одбрана;
- право на учество на јавното наддавање имаат сите деловно способни домашни и странски физички и правни лица;
- рокот за склучување на договор за купопродажба – 30 дена од денот на одржување на јавното наддавање;
- начин на плаќање на купопродажната цена – во готово;
- рок за плаќање на купопродажната цена – 15 дена од денот на склучување на договорот за купопродажба.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-6934/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3501.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06 и 110/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ „EUROASIAN STAR 2010” ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**

1. За учество во вежбовна активност “EUROASIAN STAR 2010” (во натамошниот текст „вежбовна активност”), која ќе се одржи во Република Турција, во период од 7 до 15 декември 2010 година, се испраќаат 4 припадници на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, во кои влегуваат транспортот на персонал и опрема, сместувањето и исхраната на учесниците во вежбовната активност ги обезбедува Република Турција, а финансиските трошоци за интерен транспорт на учесниците во вежбовната активност се на товар на Министерството за одбрана на Република Македонија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците во вежбовната активност, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-6950/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3502.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ПЛАНИНАРСКИОТ СПОРТСКИ КЛУБ „ПЕЛИСТЕР“- БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари - ќебиња војнички- 50 парчиња.

Член 2

Правото на сопственост на движните ствари од член 1 на оваа одлука се пренесува на Планинарскиот спортски клуб - „Пелистер“- Битола, без надомест.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со Претседателот на Планинарскиот спортски клуб „Пелистер“- Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7069/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3503.**

Врз основа на член 54 став 2 и член 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА, ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња -30 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа, Прифатен центар за баратели на азил, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа, Прифатен центар за баратели на азил, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7071/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3504.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА, СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД, БАЊА БАНСКО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња – 65 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа, Специјален Завод, Бања Банско.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа, Специјален Завод, Бања Банско, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7072/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3505.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА, СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД, ДЕМИР КАПИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња -223 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа, Специјален Завод, Демир Капија.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа, Специјален Завод, Демир Капија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7073/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3506.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА, ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ТОПАНСКО ПОЛЕ, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари - војнички ќебиња - 96 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа, Завод за рехабилитација Топанско поле, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа, Завод за рехабилитација Топанско поле, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7074/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3507.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА „11 ОКТОМВРИ“, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари - војнички ќебиња - 62 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа „11 Октомври“, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа „11 Октомври“, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7075/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3508.**

Врз основа на член 54 став 2 и член 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА „25 МАЈ“, СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња - 40 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа „25 Мај“, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа „25 Мај“, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7076/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3509.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА „РАНКА МИЛАНОВИЌ“, СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња -24 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Јавната Установа „Ранка Милановиќ“, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавната Установа „Ранка Милановиќ“, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7077/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3510.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗАТВОРОТ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари - војнички ќебиња -150 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Затворот Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Затворот Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7078/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3511.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ВОСПИТНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ, ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња - 150 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Воспитно-Поправниот дом, Тетово.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Воспитно-Поправниот дом Тетово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7079/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3512.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ ИДРИЗОВО, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња-150 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Казнено-Поправниот дом Идризово, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Казнено-Поправниот дом Идризово, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7080/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3513.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА-НЕГОРЦИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња – 150 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7081/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3514.**

Врз основа на член 54 став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА-СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња - 300 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7082/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3515.**

Врз основа на член 54, став 2 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005 и 150/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА – ДЕМИР ХИСАР

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари-војнички ќебиња – 800 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на ЈЗУ Психијатриска болница – Демир Хисар.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на ЈЗУ Психијатриска болница – Демир Хисар, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7083/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3516.**

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005 и 150/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ – ФУДБАЛСКИ КЛУБ „РАБОТНИЧКИ“-СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на следните недвижни ствари:

- игралишта за ракомет, кошарка и мини голф со површина од 3400 м2, лоцирани на Катастарска парцела бр.5108, Катастарска општина Центар 1, евидентиран во Имотен лист бр.48987, викано место Парк, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на времено користење без надомест на Здружението на граѓани – Фудбалски клуб „Работнички“ - Скопје за период од седум години.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Здружението на граѓани – Фудбалски клуб „Работнички“ - Скопје, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7103/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3517.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ( “ Службен весник на Република Македонија” бр.98/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА- УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за правда-Управа за извршување на санкции бр.07-1972/2 од 26.11.2010 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-7213/1
14 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

---

**3518.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДИЗЕЛ ГОРИВО ЕУРОДИЗЕЛ БС, ОД ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Со оваа одлука се отстапува 184000 литри дизел гориво Еуродизел БС, без надомест, од Дирекцијата за заштита и спасување, од отстапените количини дизел гориво Еуродизел БС наменети за исплата на фирми ангажирани во реализација на Акциониот план за чистење реки и дел од крајбрежјето на Преспанското езеро во 2010 година, на:

| | |
|---|---|
| Општина Градско | 84000 литри |
| Општина Кочани | 3000 литри |
| Општина Чешиново-Облешево | 3000 литри |
| Општина Јегуновце | 5000 литри |
| Општина Ранковце | 3000 литри |
| Општина Прилеп | 5000 литри |
| Општина Валандово | 5000 литри |
| Општина Делчево | 1000 литри |
| Општина Свети Николе | 5000 литри |
| Општина Старо Нагоричане | 3000 литри |
| Општина Македонска Каменица | 2000 литри |
| Општина Крива Паланка | 5000 литри |
| Општина Василево | 10000 литри |
| Општина Босилово | 5000 литри |
| Општина Студеничани | 3000 литри |
| Општина Липково | 5000 литри |
| Општина Желино | 5000 литри |
| Општина Зелениково | 3000 литри |
| Општина Пласница | 3000 литри |
| Општина Кратово | 5000 литри |
| Општина Сопиште | 3000 литри |
| Општина Петровец | 5000 литри |
| Општина Струмица | 10000 литри |
| Општина Ресен | 3000 литри |

Член 2

Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7466/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3519.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005 и 150/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на движните ствари, книги/учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од областа на одбраната и тоа:

| Р. бр | Наслов на учебникот и авторот | Назив на странската издавачка куќа | ISBN | Број на страници | Количина примероци | CIP |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Идентитет, миграција и новата безбедносна агенда во Европа“-Оле Вевер, Бери Бузан, Мортен Келструп, Пјер Леметр | Пинтер Паблишер, 1993 | 978-608-4563-82-2 | 286 | 850 | 327.36 (4) |
| 2. | „Луѓе, држави и страв“-Бери Бузан | Витшиф букс, 1983 | 978-608-4563-80-8 | 316 | 850 | 355.45:327 355.02:327 |
| 3. | „Управување со глобализацијата“-Дејвид Хелд и Ентони Мекгру | Полити прес | 978-608-4563-67-9 | 406 | 850 | 304-027.511 |
| 4. | „Операциони истражувања-ВОВЕД“-Хамди А.Таха | Пиерсон едукејшн, 2007 | 978-608-223-001-6 | 848 | 850 | 519.8 |
| 5. | „Глобализацијата на светската политика, вовед во меѓународните односи“-Џон Бејлис, Стив Смит и Патриша Овенс | Оксфорд Универзити прес, 2008 | 978-608-210-075-3 | 622 | 850 | 327:304-027.511 |
| 6. | „Помеѓу војната и политиката“-Патриција Овенс | Оксфорд Университи прес, 2007 | 978-608-4563-33-4 | 230 | 850 | 355,01:321:92 9 Арент, Х |
| 7. | „Моќта на разузнавањето во мир и во војна“-Мајкл Херман | Кембриџ Университи прес | 978-608-4563-30-3 | 423 | 850 | 327.84 355.40 |
| 8. | „Етиката на војната“-Дејвид Родин и Ричард Сорабџи | Алдер Шот, Ашгејт паблишинг, 2006 | 978-608-4563-37-2 | 294 | 850 | 172.4 (082) 355.011 (082) 341.312.5 (082) |
| 9. | „Современо ракетно наведување“-Рафаел Јанушевски | Тејлор&Франсис Груп, 2008 | 978-9989-682-27-8 | 240 | 850 | 623.46 (075.8) |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за образование и наука.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со министерот за образование и наука со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7106/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3520.**

Врз основа на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2009), а во врска со член 49, став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2010), член 2 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.23/2009) и точка 2 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.8/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши распределба на 17.187.500,00 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2010 година, раздел 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфер до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации, како учество на Републиката во финансирањето на следните здруженија и фондации:

| I. Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење<br>Број на грантови 41<br>Висина на грант 312.500 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Ред.бр | Назив | Седиште | Проект |
| 1 | Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Скопје | 40 години Фестивал Златно славејче 2010 |
| 2 | Ансамбл за народни песни и игри Јонче Христовски Скопје | Скопје | Меѓународен фолклорен фестивал |
| 3 | Центар за одржлив развој на заедницата Дебар | Дебар | Подигање на еколошката свест кај учениците и младата генерација |
| 4 | Здружение на клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија | Скопје | Отворена инфо линија и советувалиште за проблеми поврзани со употреба и злоупотреба на алкохол на подрачјето на Р Македонија |
| 5 | Ден на дрвото - засади ја својата иднина | Скопје | Еднодневни масовни акции за пошумување на Република Македонија |
| 6 | Организација на жени Турчинки во Македонија Дерја | Скопје | Семејно насилство врз жената Турчинка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Здружение на хуманитарни активности Синергија | Штип | Младите преку старт-уп бизнисот - креатори на локалниот економски развој |
| 8 | Форум за авангардна креативност ФАК | Прилеп | Прилепските мечкари на Европските плоштади |
| 9 | Центар за детска и младинска иницијатива ВИДЕЛИНА Прилеп | Прилеп | Патот до водата |
| 10 | Коалиција на младински организации СЕГА | Прилеп | Младинско учество во процесите на креирање политики |
| 11 | Здружение на граѓани РИНИТОЛЕРАНТЕ | Скопје | Преку НВО до интеграција на младите |
| 12 | Друштво за достоинство на хендикепираните лица - Надеж од Штип ДДХЛ НАДЕЖ | Штип | Угоре високо - удолу длабоко |
| 13 | Друштво за музичко сценска уметност СЦЕНА | Велес | Информатичко описменување за секое дете |
| 14 | Фондација меморијален центар Никола Кљусев | Скопје | Младите и убавото однесување |
| 15 | Спелеолошко Друштво ПЕОНИ | Скопје | Непознати природни реткости во Македонија |
| 16 | Младински совет Прилеп | Прилеп | Промовирање на младинско учество во општина Прилеп |
| 17 | Младински совет Охрид - МСО | Охрид | Бисерно чисто |
| 18 | Сојуз на здруженија на Техничка култура Народна техника Кичево | Кичево | Културното наследство и туристичките можности на Долината на река Треска – Порече |
| 19 | Здружение на еколози Еко-Вел | Струга | Да учиме и да се грижиме за Вевчанската река |
| 20 | Младински културен центар Тетово | Тетово | Фестивал Тетовско културно лето |
| 21 | Детски парламент на Македонија за Штип и Карбинци | Штип | Етнокултурно наследство - сведоштво за Македонскиот културен идентитет |
| 22 | Културно уметничко друштво Китка | Скопје | Македонско оро во светот |
| 23 | Кино Клуб Арена Тетово | Тетово | Поздрав од Шар планина Поздрав од Македонија |
| 24 | Движење за одржлив социоекономски развој ДОСЕР Глобал Битола | Битола | Заштеди на енергија и енергетска ефикасност |
| 25 | Културно уметничко друштво Шпреса | Струга | Промоција на културата од с. Велешта |
| 26 | Невладино здружение за здрав живот и здраво тело РЕВИТА - Битола | Битола | Мамо и тато препознајте ме - спасете ме |
| 27 | Здружение на Македонците по потекло од Албанија СОНЦЕ | Скопје | Заштита на културниот идентитет на Македонците во Албанија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28 | Здружение Библиотека Ал-Би с. Бабино, Демир Хисар | Демир Хисар | Демир Хисар културен и туристички предел (елаборат) |
| 29 | Здружение за заштита и развој на руралните простори ИЗВОР – Кичево | Кичево | Поголема вклученост на жената како носител на земјоделска дејност |
| 30 | Здружение за Образование и Култура Милениум | Врапчиште | Стратешки пристап кон рамномерен локален развој |
| 31 | Проектно - претприемачки центар | Скопје | Академија Бабино |
| 32 | Деница - Здружение за култура и уметност | Скопје | Да ја негуваме традицијата |
| 33 | Здружение на деца и младинци без родители од детските домови и дом семејства во Р Македонија ГРАДИМЕ ИДНИНА - Скопје | Скопје | Проект за обука на децата и младинците без родители за здобивање со компјутерски вештини |
| 34 | Здружение на граѓани за почитување на прописите - Битола ЗГПП - Битола | Битола | Обновливите извори на енергија и енергетска ефикасност - наша обврска и шанса |
| 35 | Полио Плус - движење против хендикеп | Скопје | Локални акциони планови за лицата со хендикеп |
| 36 | Здружение за заштита на природата и здравјето ВИНОЖИТО | Подареш | Стоп за децениската изолација на турско - јуручкиот регион и негова забрзана интеграција во општеството |
| 37 | Аналитика | Скопје | Менување на навиките - како до енергетски ефикасна општина |
| 38 | Здружение на граѓани ЛИНК Битола | Битола | Обука на млади невработени лица за процесот на барање и аплицирање на работно место |
| 39 | Здружение на граѓани Еко - Вита, Скопје | Скопје | Еко Основци |
| 41 | Центар за Развој на Малостопанството и екологија ИДЕАЛ Тетово | Тетово | Млад успешен менаџер |
| 41 | Здружение на граѓани Орал Хелтх | Лојане, Липково | Пораст и подобрување на животниот стандард преку орална едукација |

II. Интеграција во НАТО и ЕУ
Број на грантови 1
Висина на грант 312.500 денари

| Ред.бр | Назив | Седиште | Проект |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение на Сетинци и Попадинци од Лерин во Македонија Скопје | Скопје | Културниот идентитет на Македонците по потекло од Егејскиот дел на Македонија како фактор за јакнење на довербата и коегзистенцијата меѓу македонскиот и грчкиот народ и нивните држави Македонија и Грција |

| III. Продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото<br>Број на грантови 4<br>Висина на грант 312.500 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Ред.бр | Назив | Седиште | Проект |
| 1 | Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење | Скопје | Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција 2010 |
| 2 | Граѓанска асоцијација за еднакви можности СЕМПЕР Битола | Битола | Информирај се и заштити се |
| 3 | Сојуз на жени Езерка Струга | Струга | Не дозволувај да станеш жртва - трговијата со луѓе постои - ИНФОРМИРАЈ СЕ !!! |
| 4 | Организација на жени Радика | Скопје | Да ја спречиме корупцијата |
| IV. Одржување добри меѓуетнички основи и соживот врз принципите на меѓусебната толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор<br>Број на грантови 3<br>Висина на грант 312.500 денари | | | |
| Ред.бр | Назив | Седиште | Проект |
| 1 | Ромска организација на Жени од Македонија Даја Куманово | Куманово | Преку запознавање и едукација до меѓусебна толеранција |
| 2 | Здружение на граѓани Женска асоцијација за развој ЖАР Гостивар | Гостивар | Жената како мост за меѓуетничка толеранција |
| 3 | Институт за развој на заедницата Тетово | Тетово | Децентрализација на Охридскиот рамковен договор |
| V. Инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава<br>Број на грантови 6<br>Висина на грант 312.500 денари | | | |
| Ред.бр | Назив | Седиште | Проект |
| 1 | Младински културен центар Битола | Битола | МАК ПАС (Инструмент за младинско неформално образование во Р. Македонија ) |
| 2 | Здружение на инвалиди Шпреса | Скопје | Обука за млади лица со хендикеп во сферата на информатиката |
| 3 | Фондација регионална развојна Агенција на ПЕЛАГОНИЈА – ПРЕДА | Прилеп | Јакнење на човечките ресурси – сигурен пат до ЕУ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Здружение за борба против ракот Нов Живот - Штип - Асоцијација за економски, социјален развој и репродуктивно здравје на жената | Штип | Три мисли пред Клик за Линк – Безбедни ИКТ и Интернет за нашите деца |
| 5 | Здружение на граѓани Сумнал | Скопје | Ромски образовен центар |
| 6 | Здружение на граѓани за здравствена заштита на граѓаните Куќа на жените, | с. Шишево, Сарај | Децата со посебни потреби |

### Член 2

Се задолжуваат здруженијата и фондации од член 1 од Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности да достават извештај за користењето на средствата до Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

### Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-7496/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3521.**

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008 и 139/2009) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Миле Стојановски
- Валентина Павловска
- Милан Солаков.

2. За членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се именуваат:
- Миле Стојановски
- Зоран Стојановски
- Валентина Павловска
- Милан Соколов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-5081/2
7 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3522.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се именува Драган Настоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-6016/3
7 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3523.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА СТРУГА**

1. За државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Струга се именува Надежда Ѓореска, досегашен државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Струга.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7533/1
7 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3524.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИТЕ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА, ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ БОЛНИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЦИТОСТАТИЦИ, ИНСУЛИН, ХОРМОН ЗА РАСТ И ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИ ОД ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

Во Програмата за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија во Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/10, 62/10, 129/10 и 137/10), во Делот "МЕРКИ И АКТИВНОСТИ", во точката 4. Шеќерна болест - дијабетес мелитус, табелата се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | Потребни средства за инсулин за ЈЗУ | 47.738.000,00 |
| 4.2 | Потребни средства за потрошен материјал за 32 пациенти со инсулинска пумпа | 3.532.000,00 |
| 4.3 | Потребни средства за партиципација | 1.000.000,00 |

Во точката 6. Хемофилија, втората табела и првиот пасус по втората табела се менуваат и гласат:

| РЕКАПИТУЛАР | |
|---|---|
| Вкупен износ на потребни средства за дијализа за 20 странски државјани кои се опфатени со Спогодбата | 11.000.000,00 |
| Партиципација за осигурени лица | 3.637.620,00 |
| Неизмирени обврски за 2009 година | 9.440.180,00 |
| Потребни средства за секундарна и терцијарна превенција на хемофилијата | 52.200,00 |
| Набавка на инсулин и набавка на потрошен материјал за инсулински пумпи | 51.270.000,00 |
| **Вкупно потребни средства од Буџетот на Републиката** | 75.400.000,00 |

Програмата ќе се финансира согласно Буџетот на Република Македонија за 2010 година, наменети за оваа програма во висина од 75.400.000,00 денари, од кои 51.270.000,00 денари за набавка на инсулин од страна на јавните здравствени установи и набавка на потрошен материјал за инсулински пумпи, 9.440.180,00 денари за неизмирени обврски за 2009 година, 11.000.000,00 денари за дијализа за 20 странски државјани кои се опфатени со Спогодбата со Република Албанија, 3.637.620,00 денари за партиципација за осигурени лица и 52.200,00 денари за секундарна и терцијарна превенција на хемофилијата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-6903/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3525.**

Врз основа на член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2010 ГОДИНА

1. Во Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2010), во точка 1 бројот „20 000 000,00“ се заменува со бројот „17.187.500,00“.

2. Во точка 2, во колоната „Број на грантови“, во приоритетната цел I бројот „40“ се заменува со бројот „41“, во приоритетната цел II бројот „7“ се заменува со бројот „1“, во приоритетната цел III бројот „5“ се заменува со бројот „4“, во приоритетната цел IV бројот „5“ се заменува со бројот „3“ и во приоритетната цел V бројот „7“ се заменува со бројот „6“.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7496/2
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3526.**

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2009 и 95/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2010 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој во 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2010 и 121/2010) членот 2 се менува и гласи: „Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следниве намени:

| | |
|---|---|
| **Вкупно средства** | 102.000.000 |
| **1.Активности преку Министерството за локална самоуправа** | |
| 1.1 Пренесени обврски од *Програмата Атрактивни плански региони за 2009 година* за финансирање расходи за тековно работење на Центрите за развој на планските региони | 6.600.000 |
| 1.2 Кофинансирање на расходи за тековно работење на осумте Центри за развој на планските региони за 2010 година | 9.600.000 |
| **2. Активности преку Бирото за регионален развој** | |
| 2.1 Пренесени обврски од претходната 2009 година за финансирање проекти за развој на планските региони | 60.060.000 |
| 2.2 Пренесени обврски од претходната 2009 година за финансирање проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | 17.160.000 |
| 2.1 Пренесени обврски од претходната 2009 година за финансирање проекти за развој на селата | 8.580.000 |

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7500/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3527.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 10 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година,донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Во Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/10 и 62/10), во Делот "ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА", табелите А, Б и В и табелата за рекапитуларот се менуваат и гласат:

| А | Метадон / buprenorfin | Износ/ денари |
|---|---|---|
| 1 | Обезбедување метадон за 700 лица со болести на зависност | 19.830.400,00 |
| 2 | Обезбедување buprenorfin за 100 лица со болести на зависност | 8.790.800,00 |
| | **ВКУПНО:** | **28.621.200,00** |

| Б. | Болничко лекување | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Зависници од дрога во акутна состојба над 30 до 90 дена | 4.000.000,00 |
| 2. | Зависници од алкохол во акутна состојба над 30 до 90 дена | 2.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **6.000.000,00** |

| В. | Лекување во дневни болници | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Зависници од алкохол над 30 до 90 дена | 720.000,00 |
| 2. | Зависници од дрога со метадон над 30 дена | 14.241.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **14.961.000,00** |

## Рекапитулар:

| | | |
|---|---|---|
| А. | За обезбедување метадон за 700 лица со болести на зависност | 19.830.400,00 |
| Б. | За обезбедување buprenorfin за 100 лица со болести на зависност | 8.790.800,00 |
| В | Болничко лекување | 6.000.000,00 |
| Г | Лекување во Дневни болници | 14.961.000,00 |
| Д | Партиципација | 799.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **50.381.200,00** |

Во Делот „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА", четвртиот пасус се менува и гласи: Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени со Буџетот на Република Македонија за 2010 година во висина од 50.381.200,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

Бр.51-6904/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3528.**

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1998 и 40/2003) и член 42 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2009 и 95/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.12.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2010 и 141/2010) табелата се заменува со нова табела која гласи:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | О П И С | | И З Н О С |
|---|---|---|---|---|
| **Програма 6** | | **СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД** | **ВКУПНО:** | **331.200.000** |
| Потпрограма 60 | 420 | Патни и дневни расходи | | 1.500.000 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации | | 1.400.000 |
| | 425 | Договорни услуги | | 400.000 |
| | 426 | Други тековни расходи | | 480.000 |
| | 464 | Разни трансфери-Студентски стипендии, Партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентските домови | | 293.220.000 |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и сл. | | 1.000.000 |
| | 485 | Финансиски средства-Студентски кредити | | 33.200.000 |
| **Програмата TJ** | 482 | **ИЗГАДБА НА СТУДЕНТСКИ ДОМ** | **ВКУПНО:** | **1.000.000** |
| | | Изградба на студентски домови | | 1.000.000 |
| **Програмата ТК** | 482 | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ** | **ВКУПНО:** | **20.700.000** |
| | | СЦ „Скопје“-Скопје, комплетна реконструкција на „Стив Наумов“ втора машка зграда | | 20.000.000 |
| | | ДСД „Никола Карев“-Охрид | | 500.000 |
| | | ДСД „Доне Божинов“-Пробиштип | | 200.000 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-7309/1
14 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3529.**

Врз основа на член 469 став (6) од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија” број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10 и 48/10), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
### ЗА ВОДЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВО

Член 1

Во Правилникот за водење сметководство (“Службен весник на Република Македонија” број 159/09) во прилогот по Меѓународниот сметководствен стандард МСС 8, Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки се додава Меѓународен сметководствен стандард 10, Настани по периодот на известување, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12- 34688/3
30 ноември 2010 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

# Меѓународен сметководствен стандард 10
# *Настани по периодот на известување*

## Цел

1 Целта на овој стандард е да пропише:

(а) Кога ентитетот треба да ги корегира своите финансиски извештаи за настани по периодот на известување.

(б) Обелоденувањата кои ентитетот треба да ги направи во врска со датумот кога било одобрено издавањето на финансиските извештаи, и за настаните по периодот на известување.

Стандардот, исто така, бара ентитетот да не ги изготвува своите финансиски извештаи врз основа на претпоставката за континуитет, доколку настаните по периодот на известување покажуваат дека претпоставката за континуитет не е соодветна.

## Делокруг

**2 Овој стандард треба да се применува во сметководството за, и обелоденувањето на, настани по периодот на известување.**

## Дефиниции

**3 Во овој стандард се користат следните поими со нивните специфични значења:**

***Настани по периодот на известување* се оние настани, поволни и неповолни, кои се случуваат помеѓу крајот на периодот на известување и датумот кога финансиските извештаи се одобрени за издавање. Можат да се идентификуваат два вида на настани:**

**(а) Оние настани кои обезбедуваат доказ за условите кои постоеле на крајот од периодот на известување (настани по крајот на периодот на известување за кои се врши исправка).**

**(б) Оние настани кои укажуваат на услови кои се појавиле после крајот од периодот на известување (настани по крајот на периодот на известување за кои не се врши исправка).**

4 Процесот инволвиран во одобрувањето на финансиските извештаи за издавање ќе се разликува во зависност од структурата на раководството, законските барања и постапките кои се следеле при подготвувањето и финализирањето на финансиските извештаи.

5 Во некои случаи, од ентитетот се бара да ги поднесе своите финансиски извештаи кај своите акционери за одобрување, откако финансиските извештаи веќе биле издадени. Во вакви случаи, финансиските извештаи се одобрени за издавање на датумот на нивното првобитно издавање, а не на датумот кога акционерите ги одобриле финансиските извештаи.

### Пример

Раководството на ентитетот ги комплетира нацрт финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 20X1 година, на 28 февруари 20X2 година. На 18 март 20X2 година, одборот на директори ги прегледува финансиските извештаи и го одобрува нивното издавање. Ентитетот ја соопштува добивката и други одбрани финансиски информации на 19 март 20X2 година. Финансиските извештаи им стануваат достапни на акционерите и на другите странки на 1 април 20X2 година. На годишното собрание на акционерите одржано на 15 мај 20X2 година, акционерите ги одобруваат финансиските извештаи, и одобрените финансиски извештаи ќе бидат поднесени до регулативното тело, на 17 мај 20X2 година.

*Финансиските извештаи се одобрени за издавање на 18 март 20X2 година (датумот на одобрување за издавање од страна на Одборот)*

6 Во некои случаи, од раководството на ентитетот се бара да ги издаде своите финансиски извештаи до надзорниот одбор (сочинет само од неизвршни членови) за одобрување. Во вакви случаи, финансиските извештаи се одобрени за издавање кога раководството ќе ги одобри за издавање до надзорниот одбор.

**Пример**

На 18 март 20X2 година, раководството на ентитетот го одобрил издавањето на финансиските извештаи до својот надзорен одбор. Надзорниот одбор се состои само од неизвршни членови и може да вклучи и претставници на вработените и други надворешни лица (странки) да се види што е посоодветно. Надзорниот одбор ги одобрува финансиските извештаи на 26 март 20X2 година. Финансиските извештаи им стануваат достапни на акционерите и на другите странки на 1 април 20X2 година. На годишното собрание на акционерите одржано на 15 мај 20x2 акционерите ги одобруваат финансиските извештаи и потоа на 17 мај 20X2 година, финансиските извештаи се поднесуваат до регулативното тело.

*Финансиските извештаи се одобрени за издавање на 18 март 20X2 година (датум на одобрување од страна на раководството за издавање до надзорниот одбор).*

7 Настани по периодот на известување ги вклучуваат сите настани до датумот кога финансиските извештаи се одобрени за издавање, дури и доколку овие настани се случуваат по јавното објавување на добивката или други одбрани финансиски информации.

## Признавање и мерење

### Корективни настани по периодот на известување

**8 Ентитетот треба да ги корегира признаените износи во своите финансиски извештаи, за да ги одрази корективните настани по периодот на известување.**

9 Следните примери се однесуваат на настани кои се случиле по периодот на известување за кои се бара од ентитетот да ги корегира износите признаени во финансиските извештаи, или да признае ставки кои претходно не биле признаени:

(а) Разрешување на судски спор по периодот на известување кој, потврдува дека ентитетот веќе имал сегашна обврска на крајот на периодот на известување. Ентитетот треба да направи исправка на претходно признаена резервација по основ на овој судски спор во согласност со МСС 37 Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства, или да признае нова резервација. Ентитетот не треба да ја обелодени неизвесната обврска, заради тоа што разрешувањето на судскиот спор обезбедува дополнителни докази кои би требало да се земат во предвид во согласност со точка 16 од МСС 37.

(б) Добивањето на информација по периодот на известување, која укажува на тоа дека средството било обезвреднето на крајот на периодот на известување, или дека износот на претходно признаената загуба поради обезвреднување на тоа средство треба да биде корегирана. На пример:

  (i) Банкротирањето на купувач кое се случува по периодот на известување, обично потврдува дека на периодот на известување веќе постоела загуба на сметката за побарувања од купувачите, и дека ентитетот треба да ја корегира сметководствената вредност на побарувањата од купувачи.

  (ii) Продажбата на залихи по периодот на известување може да обезбеди доказ за нивната нето реализациона вредност на крајот на периодот на известување.

(в) Утврдување на набавната вредност на купените средства по периодот на известување, или на приливите од продадени средства пред крајот на периодот на известувањето.

(г) Утврдувањето на износот на плаќањата за учество во добивката или за бонуси, по периодот на известување, доколку ентитетот имал сегашна правна или изведена обврска на крајот на периодот на известување да се извршат такви плаќања како резултат на настаните кои се случиле пред тој датум (МСС 19, *Користи за вработените*).

(д) Откривање на измама или грешки кои покажуваат дека финансиските извештаи биле неточни.

### Некорективни настани по периодот на известување

10 **Ентитетот не треба да ги корегира износите кои ги има признаено во своите финансиски извештаи за да ги одрази некорективните настани по периодот на известување.**

11 Пример на настан за кој не се врши корекција по периодот на известување е намалување на пазарната вредност на вложувањата помеѓу периодот на известување и датумот кога финансиските извештаи се одобрени за издавање. Опаѓањето на пазарната вредност обично не е поврзано со состојбата на вложувањата на крајот на периодот на известување, но ги одразува околностите кои се појавиле во наредниот период. Поради тоа, ентитетот не ги корегира признаените износи за вложувањата во своите финансиски извештаи. Слично на тоа, ентитетот не ги ажурира износите обелоденети за вложувањата со состојба на крајот на периодот на известување, иако можеби треба да даде дополнително обелоденување според точка 21.

### Дивиденди

12 **Доколку ентитетот објави дивиденди на имателите на сопственички инструменти (како што се дефинирани во МСС 32, *Финансиски инструменти: Презентирање*) по периодот на известување, ентитетот не треба да ги признае овие дивиденди како обврска на крајот на периодот на известување.**

13 Доколку дивидендите се објавени по периодот на известување, но пред финансиските извештаи да бидат одобрени за издавање, ентитетот не треба да ги признае дивидендите како обврска на крајот на периодот на известување бидејќи во тој временски период не постои обврска. Ваквите дивиденди треба да се обелоденат во белешките кон финансиските извештаи во согласност со МСС 1 Презентирање на финансиски извештаи.

## Претпоставка за континуитет

14 **Ентитетот не треба да ги подготвува своите финансиски извештаи врз основа на претпоставката за континуитет, доколку раководството по периодот на известување утврди дека има намера да го ликвидира ентитетот или да престане да тргува, или дека не постои друга реална алтернатива, освен да го направи тоа.**

15 Влошување на оперативните резултати од работењето и финансиската состојба по периодот на известување може да укажува на потреба да се разгледа прашањето дали претпоставката за континуитет се уште е соодветна. Доколку претпоставката за континуитетот не е повеќе соодветна, ефектот е толку сеопфатен што овој стандард бара фундаментална промена на сметководствената основа, наместо вршење на корекција на признаените износи во рамките на првобитната сметководствена основа.

16 Во МСС 1, Презентирање на финансиските извештаи, се бараат извесни обелоденувања доколку:

(а) Финансиските извештаи не се подготвени врз основа на претпоставката за континуитет.

(б) Раководството е свесно за значајни неизвесности во врска настани или услови кои би можеле да предизвикаат значајно сомневање во способноста на ентитетот да продолжи да работи според претпоставката на континуитет. Настаните или условите кои бараат обелоденување може да се јават по периодот на известување.

## Обелоденување

### Датум на одобрување за издавање

17 **Ентитетот треба да го обелодени датумот кога финансиските извештаи биле одобрени за издавање и кој го дал тоа одобрение. Доколку сопствениците на ентитетот или други странки имаат овластување да прават измени во финансиските извештаи по нивното издавање, ентитетот треба да го обелодени овој факт.**

18 За корисниците на финансиските извештаи е значајно да знаат кога финансиските извештаи биле одобрени за издавање, бидејќи финансиските извештаи не одразуваат настани по овој датум.

## Ажурирање на обелоденувањето за условите на крајот на периодот на известување

19 **Доколку ентитетот добие информации по периодот на известување во врска со услови кои постоеле на крајот на периодот на известување, ентитетот треба да ги ажурира обелоденувањата кои се поврзани со тие услови, и тоа од аспект на новите информации.**

20 Во некои случаи, ентитетот треба да ги ажурира обелоденувањата во своите финансиски извештаи за да ги одрази добиените информации по периодот на известување, дури и кога информациите не влијаат на износите кои ентитетот ги признава во своите финансиски извештаи. Еден пример за потребата од ажурирање на обелоденувањата е кога по периодот на известување ќе се добие доказ за неизвесна обврска која постоела на крајот на периодот на известување. Како дополнување кон разгледувањето дали треба да признае резервирање или да го измени веќе признаеното резервирање според МСС 37, *Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства*, ентитетот ги ажурира своите обелоденувања за неизвесната обврска од аспект на тој доказ.

## Некорективни настани по периодот на известување

21 **Кога некорективните настани по периодот на известување се материјални, нивното не-обелоденување би можело да влијае врз деловните одлуки на корисниците на финансиските извештаи, донесени врз основа на тие финансиски извештаи. Соодветно, ентитетот треба да ги обелодени следните информации за секоја материјална категорија на некорективни настани:**

**(а) Природата на настанот.**

**(б) Проценка на неговиот финансиски ефект, или изјава дека ваквата проценка не може да се направи.**

22 Следните примери се однесуваат на некорективни настани по периодот на известување кои генерално резултираат со обелоденување:

(а) Голема деловна комбинација по датумот на известување (МСФИ 3, *Деловни комбинации*, бара посебни обелоденувања во вакви случаи или отуѓување на главна подружница.

(б) Објавување на план за прекинување на работењето.

(в) Големи набавки на средства, класификација на средства како чувани за продажба во согласност со МСФИ 5 *Нетековни средства* кои се чуваат за продажба и прекинато работење, останати отуѓувања на средства или експропријација на главни средства од страна на државата.

(г) Уништување на главна производствена постројка во пожар, по периодот на известување.

(д) Објавување, или започнување со имплементација на, големо преструктуирање (види МСС 37, *Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства*).

(ѓ) Главни трансакции со обични акции и потенцијални трансакции со обични акции по периодот на известувањето (МСС 33, *Заработувачка по акција*, бара ентитетот да го обелодени описот на таквите трансакции, освен во случаи кога таквите трансакции вклучуваат капитализација или бонус емисии на акции, раситнување на акции или окрупнување на акции, каде што за сите се бара корегирање во согласност со МСС 33).

(е) Невообичаено големи промени во цените на средствата или девизни курсеви по периодот на известување.

(ж) Промени на даночните стапки или даночните закони донесени или објавени по периодот на известување кои имаат значајно влијание врз тековните и одложените даночни средства и обврски (види МСС 12, *Даноци на добивка*).

(з) Превземање на значајни обврзувања или неизвесни обврски, на пример, по пат на издавање на значајни гаранции.

(ѕ) Започнување на голем судски спор кој произлегува само од настани кои се случиле по периодот на известување.

## Датум на стапување во сила

23 Ентитетот треба да го примени овој Стандард за годишни периоди кои почнуваат на или по 1 јануари 2000 година. Претходна примена се поттикнува. Доколку ентитетот го применува овој Стандард за периоди кои почнуваат пред 1 јануари 2005 година, тој факт треба да биде обелоденет.

## Повлекување на МСС 10 (ревидиран во 1999 година)

24 Овој Стандард го заменува МСС 10 *Настани по билансот на состојба*, ревидиран во 1999 година.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**3530.**

Врз основа на член 28 став (4), 29 став (5), 30 став (2), 77 став (4) и 81 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ ОД ЖИВОТНИ ОД ВИДОТ ГОВЕДА*

Член 1

(1) Во Правилникот за ставање во промет на семе за вештачко осеменување од животни од видот говеда („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/08) во членот 3 во ставот (2) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и го објавува на својата веб-страна".

(2) По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Формата и содржината на списокот од став 2 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник."

Член 2

(1) Во членот 5 во насловот по зборот „увоз" се додаваат зборовите: „и транзит".

(2) Во ставот (1) во воведната реченица по зборот „увозот" се додаваат зборовите: „ и транзитот"

(3) По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Увоз и транзит на семе за вештачко осеменување од животни од видот говеда во и низ територијата на Република Македонија се врши од одобрени земји кои се наоѓаат на Листата на земји за увоз во Република Македонија дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник".

Член 3

(1) Во членот 8 став (1) по зборот "Прилог" се додава бројот "3" .

(2) По ставот (1) се додава нов став(2) кој гласи:

„(2) Формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат со кој е пропратено семето за вештачко осеменување кое се увезува во Република Македонија од Соединетите Американски Држави, Австралија и Канада е даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник."

Член 4

Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-4234/4
9 декември 2010 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

[*] Одлуката (ЕЗ) 2004/639 на Комисијата на Европа од 6 Септември 2004 година за услови за увоз на семе од домашни животни од видот говеда 32004D0639 и Одлука на Советот 2009/712(ЕЗ) од 18 септември 2009 за имплементирање на Директивата 2008/73 во однос на интернет информативни страници кои содржат листи на објекти и лаборатории одобрени од Земјите Членки во согласност со ветринарната и зоотехничката легислатива на Заедницата 32009D0712

# ПРИЛОГ 1

1. Список на регистрирани и одобрени за увоз во Република Македонија центри за репродукција и вештачко осеменување на животни од видот говеда

| Име на држава:<br><br>__________________________ | | Список на одобрени центри за репродукција и вештачко осеменување за домашни животни од видот говеда | | Верзија |
|---|---|---|---|---|
| Број на одобрение | Дата на одобрување | Име на центарот за репродукција и вештачко осеменување | Детали за контакт на центарот за репродукција и вештачко осеменување | Забелешка |
| | | | ✉<br>☎<br>🖷<br>@<br>www | |

2. Список на регистрирани и одобрени за увоз во Република Македонија центри за складирање на семе за вештачко осеменување на животни од видот говеда

| Име на држава:<br><br>__________________________ | | Список на одобрени центри за складирање на семе за вештачко осеменување за домашни животни од видот говеда | | Верзија |
|---|---|---|---|---|
| Број на одобрение | Дата на одобрување | Име на центарот за репродукција и вештачко осеменување | Детали за контакт на центарот за репродукција и вештачко осеменување | Забелешка |
| | | | ✉<br>☎<br>🖷<br>@<br>www | |

## ПРИЛОГ 2

**Листа на трети земји од кои се врши увоз во Република Македонија на семе за вештачко осеменување добиено од говеда**

| Земја (а) | Код на територијата | Опис на територијата | Посебни услови/ дополнителни гаранции |
|---|---|---|---|
| CA - Канада | CA-1 | Цела држава, освен областа на Долината Океннаген во Британска Колумбија со следниот опис:<br>- Од точката на границата помеѓу Канада и САД, 120°15’ географска должина, 49° географска ширина<br>- Северно до точката 119°35’ географска должина, 50°30' географска ширина<br>- Северо-источно до точката 119° географска должина, 50°45’ географска ширина<br>- Јужно до точката на границата помеѓу Канада и САД 118°15' географска должина, 49° географска ширина*[1] | Прилог 4, II.1.2.2.1 |
| CH - Швајцарија | CH | Цела држава | |
| HR - Хрватска | HR | Цела држава | |
| NZ - Нов Зеланд | NZ | Цела држава | |
| AU - Австралија | AU | Цела држава | Прилог 4, II.1.2.2.1 и II.1.2.2.2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| US - Америка | US | Цела држава | Прилог 4, II.1.2.2.1 |
| AT - Австрија | AT | Цела држава | |
| BE - Белгија | BE | Цела држава | |
| BG - Бугарија | BG | Цела држава | |
| DE - Германија | DE | Цела држава | |
| GR - Грција | GR | Цела држава | |
| DK - Данска | DK | Цела држава | |
| EE - Естонија | EE | Цела држава | |
| IT - Италија | IT | Цела држава | |
| IE - Ирска | IE | Цела држава | |
| CY - Кипар | CY | Цела држава | |
| LV - Латвија | LV | Цела држава | |
| LT - Литванија | LT | Цела држава | |
| LU - Луксембург | LU | Цела држава | |
| MT - Малта | MT | Цела држава | |
| UK - Обединето Кралство | UK | Цела држава | |
| PL - Полска | PL | Цела држава | |
| PT - Португалија | PT | Цела држава | |
| RO - Романија | RO | Цела држава | |
| SV - Словачка | SV | Цела држава | |
| SI - Словенија | SI | Цела држава | |
| HU - Унгарија | HU | Цела држава | |
| FI - Финска | FI | Цела држава | |
| FR - Франција | FR | Цела држава | |
| NL - Холандија | NL | Цела држава | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| CZ - Чешка | CZ | Цела држава | |
| ES - Шпанија | ES | Цела држава | |
| SE - Шведска | SE | Цела држава | |

*[1] Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружува пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло усогласен со Директивата 31979D0542

# ПРИЛОГ 4

## СЕРТИФИКАТ ЗА УВОЗ НА СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ ОД СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, АВСТРАЛИЈА И КАНАДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сертификат за семе за вештачко осеменување добиено и/или складирано во Центри за репродукција и вештачко осеменување и/или Центри за складирање на семе за вештачко осеменување (центри) добиено од говеда од Соединетите Американски Држави, Австралија и Канада и наменето за увоз во Република Македонија/

Certificate for semen collected and /or stored in semen collection centre and /or semen storage centre from domestic animals of the bovine species from America, Australia and Canada intended for Republic of Macedonia

| |
|---|
| **Земја/Country**<br>**Ветеринарно Здравствен Сертификат**<br>**/Veterinary Certificate** |

| Дел I: Детали за испратената пратка / Part I: Details of dispatched consignment | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I.1. Испраќач /Consignor<br>Име<br>/Name<br>Адреса<br>/Address<br>Поштенски број<br>/Postal code | | I.2. Референтен број на сертификатот<br>/Certificate reference number | I.2.аЛокален референтен број/Local reference number |
| | | | I.3. Централен Надлежен Орган<br>/Central Competent Authority | |
| | | | I.4. Локален Надлежен Орган<br>/Local Competent Authority | |
| | I.5. Примач<br>/Consignee<br>Име<br>/Name<br>Адреса<br>/Address<br>Поштенски број<br>/Postal code | | I.6. Број (броеви) од поврзани оригинални сертификати<br>/No(s) of related original certificates<br>Број (броеви) од пропратните документи<br>/No(s) of accompanying documents | |
| | I.8. Земја на потекло ISO-Code<br>/Country of origin | I.9. Регион на потекло Code<br>/Region of origin | I.10. Земја на дестинација ISO code<br>/Country of destination | I.11. Регион на дестинација Code<br>/Region of destination |
| | I.12. Место на потекло<br>/Place of origin<br>Центар за репродукција и вештачко осеменување/Центар за складирање на семе за вештачко осеменување ☐ | | I.13. Место на дестинација<br>/ Place of destination<br>Центар за репродукција и вештачко ☐ Одгледувалиште | |

| | | |
|---|---|---|
| | /Semen centre<br><br>Име Број на одобрение<br>/Name /Approval number<br><br>Адреса Поштенски број<br>/Address /Postal code | осеменување/Центар за складирање на семе за вештачко осеменување /Holding ☐<br><br>/Semen centre<br>Име /Name Број на одобрение/ Approval number<br>Адреса/ Address<br>Поштенски број/ Postal code |
| | I.14. Место на натовар<br>/Place of loading | I.15. Дата на натовар<br>/Date of departure |

| | |
|---|---|
| I.16. Средства за транспорт<br>/Means of transport<br>/Transportmittel<br>Авион /Aeroplane ☐ Брод /Ship ☐ Железнички вагон /Railway wagon ☐<br>Камион /Road vehicle ☐ Other /Друго ☐<br>Идентификација/Identification<br>Документ на кој се повикува/Documentary references | I.17. |
| I.18. Опис на стоката<br>/Description of commodity | I.19. Код на стоката (CN код)<br>/Commodity code (CN code) |
| | I.20. Број/Количество<br>Number/Quanity |
| I.21. Температура на производот /Temperature of the product — Собна /Ambient ☐ Разладено /Chilled ☐ Смрзнато /Frozen ☐ | I.22. Број на пакети<br>/Number of packages |
| I.23. Идентификација на контејнер/Број на пломба<br>/Identification of container/Seal number | I.24. Вид на пакување<br>/Type of packaging |

I.25. Пратките се наменети за /Commodities certified for: Вештачко осеменување/ Artificial reproduction ☐

| I.26.Транзит /Transit through | | I.27. Транзит низ земја членка /Transit through member state | |
|---|---|---|---|
| Земја /Country | ИСО код /ISO code | Земја членка /Member State | ИСО код /ISO code |
| Земја /Country | ИСО код /ISO code | Земја членка /Member State | ИСО код /ISO code |
| Земја /Country | ИСО код /ISO code | Земја членка /Member State | ИСО код /ISO code |

| I.28.Извоз /Export | | I.29. |
|---|---|---|
| Трета земја /Third country | ИСО код /ISO code | |
| ГП на излез /Exit point | Код /Code | |

I.30.

I.31. Идентификација на пратката /Identification of the commodities

| Видови /Species (Научен назив /Scientific name) | Ознака за идентификување/ Identification mark | Количество/ Quantity |
|---|---|---|
| | | |

**Земја/Country**

**Дел II: Сертификација / Part II: Certification**

| II.a. Референтен број на сертификатот /Certificate reference | II.b. Локален референтен број /Local reference number |
|---|---|

**Потврда за здравствена состојба/ Animal health attestation**

II.1. Јас долупотпишаниот официјален ветеринар, потврдувам дека:/ I, the undersigned official veterinarian, hereby certify that:

II.1.1. Семето опишано погоре/ The semen described above:

a. Е добиено, преработено и складирано под услови кои одговараат на стандардите утврдени со Директива бр. 88/407/ЕЕЗ и соодветните прописи од областа на ветеринарното здравство;/ was collected, processed and stored under conditions which comply with the standards laid down in Directive 88/407/EEC;

b. Е испратено до местото на натовар во запечатен контејнер под услови кои одговараат на Директива бр. 88/407/ЕЕЗ и соодветните прописи од областа на ветеринарното здравство и го носат бројот наведен во точка I.23;/ was sent to the place of loading in a sealed container under conditions which comply with Directive 88/407/EEC and bearing the number detailed in part I.23;

II.1.2. Семето опишано погоре е добиено од бикови, кои:/ The semen described above was collected from bulls, which:

II.1.2.1 (1)[не биле вакцинирани против болеста Лигавка и шап последните 12 месеци пред добивањето];/ [have not been vaccinated agains foot-and-mouth disease with 12 months prior to collection;]

(1)Или/ or

[биле вакцинирани против болеста Лигавка и шап во последните 12 месеци пред добивањето но не помалку од 30 дена при што 5% од дозите на семе за вештачко осеменување од секое добивање, во секој случај не помалку од пет мостри, биле подложени на тест на изолација на вирусот на болеста Лигавка и шап, со негативни резултати изведени во лабораторијата (………………………)(2) сместена во Република Македонија или одобрена од Управата за ветеринарство;]/ [have been vaccinated against foot-and-mouth disease lass than 12 months and more than 30 days prior to collection, and 5% of doses of semen of each collection, with a minimum of five straws, have been submitted to a virus isolation test for footh-and-mouth disese, carried out with negative results in the laboratory (………………………)(2) situated in or designed by the Member state of destination;] и

II.1.2.2. Престојувале или потекнуваат од земја извозник која:/were resident in the exporting country,

II.1.2.2.1 (1)Или/either

[е официјално слободна од Епизоотска хеморагична болест (ЕХБ)];/ [which according to the official findings is free from epizootic haemorrhagic disease (EHD)]

(1)Или/ or

[е потврдено официлјано присуство на _____________серотип на од Епизоотска хеморагична болест (ЕХБ) и животните од кои е добиено семето за вештачко осеменување се тестирани со негативен резултат два пати во временски интервал не подолг од 12 месеци со агар-гел имуно дифузија тест или со тест на вирус неутрализација на сите потврдени серотипови на ЕХБ во земјата, извршени во овластена лабораторија на примерок крв земен пред добивање на семето или не помалку од 21 ден по добивањето на семето]; / [in which according to the official findings the following serotys of epizootic haemorrhagic disease (EHD) exist:_________________ and were tested negative on two occasions not more than 12 months apart to an agar-gel immuno diffusion test and to a virus neutralization test for all above listed serotypes of EHD, carried out in approved laboratory on samples of blood taken prior to and not less than 21 days following collection of the semen];

II.1.2.2.2 (1)Или/ either

[официјално слободна од Акабана болест и Аино болест]; /[which according to official findings is free from Akabane disease and Aino disease];

(1)или /or

[се тестирани со негативен резултат два пати во временски интервал не подолг од 12 месеци со тест на серум неутрализација на Акабана вирус и Аино вирус, во овластена лабораторија на примерок крв земен пред добивање на семето или не помалку од 21 ден по добивањето на семето];/ [and were tested negative on two occasions not more than 12 months apart to a serum neutralization test for Akabane virus and Aino virus carried out in approved laboratory on samples of blood taken prior to and not less than 21 days following collction of the semen].

II.1.3. Семето опишано погоре е чувано во соодветни услови, најмалку 30 дена непосредно по добивањето(3)./ The semen described above was stored in approved conditions for a minimum period of 30 days immediately following collection (3).

**Забелешки/ Notes**

**Дел I/ Part I**

- Точка I.12: местото на потекло треба да одговара на Центарот за репродукција и вештачко осеменување (како што е дефинирано во член 2б, прва алинеја од Директива бр. 88/407/ЕЕЗ и соодветните прописи од областа на ветеринарното здравство) на потекло на семето;/ Box I.12: place of origin shall correspond to the semen collection centre (as defined in article 2(b) first indendt of Directive 88/407/EEC) of semen origin.

- Точка I.13: местото на дестинација треба да одговара на Центарот за репродукција и вештачко осеменување и Центарот за складирање на семе за вештачко осеменување (како што е дефинирано во член 2б од Директива бр. 88/407/ЕЕЗ и соодветните прописи од областа на ветеринарното здравство) или на одгледувалиштето на дестинација на семето./ Box I.13: place of destination shall correspond to the semen collection or storage centre (as defined in article 2(b) of Directive 88/407/EEC) or to the holding of semen destination.

- Точка I.23: да се наведат идентификацијата на контејнерот и бројот на пломбата./ Box I.23: identification of container and seal number shall be indicated.

- Точка I.31: Box I.31: ознаката за идентификување да одговара на идентификацијата на животните донори и на датумот на добивање./ identification mark shall correspond to the identification of the donor animals and the date of collection.

**Дел II/ Part II**

(1) Прецртај соодветно./ Delete as appropriate.
(2) Име на лабораторија./ Name of the laboratory.
(3) Може да се прецрта доколку е свежо семе./ May be deleted for fresh semen.
Бојата на печатот и потписот треба да е во боја различна од испечатената на сертификатот./ The colour of the stamp and signature must be different from that of the other particulars in the certificate.

Официјален ветринар или офцијален инспектор/ Official veterinarian or official inspector:

Име (со големи букви)/ Name (in capital):

Позиција и звање/ Qualification and title:

Локална ветеринарна единица/ Local veterinary unit:

Бр. на поврзани ЛВУ/ No. of the related LVU:

Датум/ Date:

Потпис/ Signature:

Печат

/Stamp

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**3531.**

Врз основа на член 422 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09) министерот за образование и наука во согласност со министерот за внатрешни работи, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ НА РАБОТА НА АВТОШКОЛИТЕ, НАСТАВНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА ОБУКА, СТРУЧНИОТ КАДАР, ОПРЕМАТА СО КОЈА ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ, КАКО И ЕВИДЕНЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ВОДАТ АВТОШКОЛИТЕ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите, начинот на работа на автошколите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која треба да располагаат, како и евиденциите што треба да ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи.

### II. КРИТЕРИУМИ, НАЧИН НА РАБОТА НА АВТОШКОЛИТЕ, СТРУЧНИОТ КАДАР И ОПРЕМАТА СО КОЈА ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ

Член 2

За оспособување на кандидатите за возачи, автошколата, обезбедува:

1. соодветно опремена просторија за изведување на теоретска настава;
2. соодветно уреден простор за прием на кандидати за возачи и за работа на стручниот раководител на автошколата;
3. наставни средства, помагала и информатичка опрема за спроведување на наставната програма;
4. сообраќаен автодром ( полигон);
5. возила на моторен погон и
6. стручен кадар.

#### 1. Соодветно опремена просторија за изведување на теоретска настава

Член 3

Просторијата за изведување на теоретската настава (во натамошниот текст: училница) треба да биде соодветно опремена за да обезбедува услови за изведување на теоретска настава и спроведување на пробниот тест најмалку за 16 кандидати. Училницата е опремена со најмалку осум клупи и 16 столчиња, една работна маса, една училишна табла и друг училишен прибор, техничка опрема според нормативот за опремување на училишен кабинет за сообраќајно образование и воспитание со можност за истакнување на цртежи и прикажување на филмови и анимации, а од аспект на површината, опременоста, греењето, вентилација, осветлувањето и санитарниот чвор, училницата треба да ги исполнува критериумите во согласност со прописите од областа на образованието и воспитанието. Училницата може да биде во сопственост на автошколата или под закуп.

#### 2. Соодветно уреден простор за прием на кандидати за возачи и за работа на стручниот раководител на автошколата

Член 4

Просторот за прием на кандидати за возачи и за работа на стручниот раководител на автошколата треба да биде соодветно уреден и да обезбедува услови за менаџирање со работата на автошколата, а истиот може да биде во сопственост на автошколата или под закуп.

Просториите од став 1 на овој член треба да ги исполнуваат стандардите согласно прописите за општите мерки на заштита при работа за работни и помошни простории и простори.

#### 3. Наставни средства, помагала и информатичка опрема за спроведување на наставната програма

Член 5

За спроведување на наставната програма, автошколата треба да обезбеди наставни средства, помагала и информатичка опрема и тоа:

1. шема на сообраќајни знаци, ознаки на коловозот и знаци кои во сообраќајот ги дава униформиран полициски службеник;
2. шеми, цртежи, фотографии и други помагала за објаснување на правилата на сообраќајот (престигнување, првенство на минување, промена на правецот на движење, престројување, запирање и паркирање, сопирен пат при разни брзини и сл.) сообраќајни ситуации и елементи на патот, кои може да бидат и во електронска форма;
3. модели или шеми на уредите на моторните возила што се од значење за безбедноста на сообраќајот на патиштата (уреди за управување, уреди за сопирање, уреди за давање светлосни знаци и за осветлување на патот и на возилото и за означување на возилото, пресек на пневматик и сл.), кои може да бидат и во електронска форма;
4. комплет на пропишана опрема на возилата од соодветната категорија;
5. пресек, модел на дизел мотор или цртеж (со пресек) на дизел мотор за моторни возила од „Ц“ и „Д“ категорија и „Ц1“ и „Д1“ поткатегорија;
6. шеми, цртежи, фотографии, филмови, информатичка опрема (компјутер и LCD проектор), уреди за видеопрезентација, телевизор, графоскоп и други технички уреди за изведување на настава и
7. потребна стручна литература од областа на прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата (закони, правилници, учебници, прирачници, тест-вежби и списанија) за оспособување на кандидати за возачи и за стручно усовршување на возачи-инструктори.

#### 4. Сообраќаен автодром (полигон)

Член 6

За почетното оспособување на кандидати за возачи на моторно возило или трактор, автошколата треба да обезбеди и користи сообраќаен автодром (полигон) кој може да биде во сопственост на автошколата или под закуп.

Автодромот (полигон) од ставот 1 на овој член се состои од една или повеќе површини кои претставуваат целина, а не јавни патишта, и ги има следните сообраќајно-технички елементи:

1. пат со најмалку две сообраќајни ленти за движење на возила во спротивни насоки, во должина од најмалку 240 метри, а широчина од најмалку 5 метри и

2. сообраќајни површини за изведување на дејствија со возило што се предвидени во програмата за почетно оспособување на кандидати за возачи при практично управување со моторно возило или трактор, како и за полагање на возачкиот испит.

Сообраќајно техничките елементи на автодромот (полигонот) треба да ги исполнуваат стандардите согласно техничките прописи за изградба на патиштата и се обележани и означени со соодветна вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација (сообраќајни знаци и ознаки), согласно прописите за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот.

Сообраќајно-техничките елементи на сообраќајните површини од ставот 3 на овој член се определени со Скица која е дадена во Прилог број 1 и е составен дел на овој правилник.

**5. Возила на моторен погон**

Член 7

Оспособувањето на кандидатите за возачи се врши со возила на моторен погон и тоа:

1. за „А1“ поткатегорија со моторно возило од „А1“ поткатегорија;

2. за „А“ категорија со моторно возило од „А“ категорија;

3. за „Б“ категорија со моторно возило од „Б“ категорија кое нема автоматски менувач;

4. за „Б+Е“ категорија со моторно возило од „Б+Е“ категорија;

5. за „Ц1“ поткатегорија со моторно возило од „Ц1“ поткатегорија;

6. за „Ц“ категорија со моторно возило од „Ц“ категорија, (чија најголема дозволена маса е над 7,5 тона);

7. за „Ц1+Е“ поткатегорија со моторно возило од „Ц1+Е“ поткатегорија;

8. за „Ц+Е“ категорија на моторно возило од „Ц+Е“ категорија;

9. за поткатегоријата „Д1“ со моторно возило за превоз на лица од „Д1“ поткатегорија;

10. за „Д“ категорија со моторно возило од „Д“ категорија, во кое има вградено најмалку 30 седишта;

11. за поткатегорија „Д1+Е“ со моторно возило од „Д1+Е“ поткатегорија;

12. за категорија „Д+Е“ на моторно возило од „Д+Е“ категорија и

13. за возачи на трактори, со трактор и приклучно возило, (со носивост од најмалку 1,5 тона).

Член 8

Возилата на автошколата за оспособување на кандидати за возачи и за полагање на возачкиот испит покрај задолжителната опрема со која треба да бидат опремени согласно закон, треба да бидат опремени и со:

1. внатрешно огледало за возилата од „Б„ категорија;

2. апарат на гаснење на пожар;

3. посебна ознака со натпис „Автошкола“ која ноќе и во услови на намалена видливост е осветлена. Ознаката е со димензии 75x15 см. и има сопствен извор на светлина. Се поставува на највисокиот дел на возилата од сите категории и поткатегории, освен на возилата од категоријата „А“ и поткатегоријата „А1“.

Возилото со кое се врши практично осбпособување на кандидатот на возач треба да биде означено со посебна таблица на која е испишана латинската буква „L“ и која се истакнува на предната и задната лева страна од возилото.

Член 9

Автошколата треба да има најмалку две моторни возила од категоријата „Б“ кои се во сопственост на автошколата, опремени со двојни ножни команди, технички исправни и регистрирани во Република Македонија.

За оспособување на кандидати за возачи од останатите категории и подкатегории, автошколата треба да има по едно сопствено возило или возило под закуп, технички исправно и регистрирано.

Возилото за оспособување на кандидати за возачи од категоријата „Ц“ и подкатегоријата`Ц1` покрај условите утврдени во ставот 2 на овој член треба да биде опремено и со двојни ножни команди. Останатите возила од другите категории и поткатегории не треба да поседуваат двојни ножни команди.

**5. Стручен кадар**

Член 10

Стручниот кадар во автошколата го сочинуваат: стручен раководител, најмалку еден предавач по наставна програма за сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и најмалку двајца возачи-инструктори од категоријата „Б“ за спроведување на наставна програма за управување со возило (практичен дел).

Стручен раководител, предавач по наставна програма и возач-инструктор за спроведување на наставната програма може да биде лице кое ги исполнува условите предвидени со закон.

III. НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

Член 11

Наставниот план и програма за обука на кандидатите за возачи на моторни возила, возачи на мотоцикли и за возачи на трактори се состои од теоретски и практичен дел.

Наставниот план и програма за обука на кандидатите за оспособување на кандидати за возачи за управување со работна машина, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед, се состои само од теоретски дел.

**1. Теоретски дел**

Член 12

Теоретскиот дел на програмата за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила се состои од изучување на сообраќајни знаци, правила и прописи.

Теоретскиот дел на програмата за оспособување на кандидати за возачи на трактори, работни машини, мотокултиватори и велосипед со помошен мотор и мопед ги опфаќа само прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата што се однесуваат на правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и нивното значење и знаците што ги даваат полициските службеници при вршење на контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата, како и опасностите кои настануваат поради неправилно преземање на дејствија во сообраќајот и основите на функционирањето на уредите на возилата на моторен погон значајни за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 13

За изведување на теоретскиот дел од програмата за оспособување на кандидати за возачи на возила на моторен погон (моторни возила, мотоцикли, трактори и работни машини) за следниве категории, подкатегории и национални категории на возила се предвидуваат:

- за „А“ категорија – 12 наставни часа;
- за „Б“ категорија – 20 наставни часа;
- за „Ц“ категорија – десет наставни часа;
- за „Д“ категорија – десет наставни часа;
- за „Б+Е“ категорија шест наставни часа;
- за „Ц+Е“ категорија – шест наставни часа и
- за „Д+Е“ категорија – шест наставни часа

- за „А1“ поткатегорија – 12 наставни часа;
- за „Ц1“ поткатегорија – десет наставни часа;
- за „Д1“ поткатегорија – десет наставни часа;
- за „Ц1+Е“ поткатегорија –шест наставни часа и
- за „Д1+Е“ поткатегорија – шест наставни часа

- за „Ф“ национална категорија – десет наставни часа;
- за „М“ национална категорија – десет наставни часа и
- за „Г“ национална категорија – десет наставни часа.

На возачот на кого му е издадена возачка дозвола од „А“ категорија, „А1“ подкатегорија и од националните категории „Ф“, „Г“ и „М“, за оспособување за „Б“ категорија се предвидуваат десет наставни часа.

На возачот на кого му е издадена возачка дозвола од „Ц1“, „Д1“, „Ц1+Е“, „Д1+Е“ подкатегории, за оспособување за „Ц“, „Д“„Ц+Е“ и „Д+Е“ категории се предвидуваат четири наставни часа.

Член 14

Наставниот час од теоретскиот дел на програмата трае 45 минути и во еден ден кандидатот за возач може да реализира најмногу четири наставни часа.

Член 15

Проверката на кандидатите за возачи за практично управување со возило на пат се врши со писмено тестирање на пробен тест.

Тестирањето од став 1 на овој член го спроведува предавач вработен во автошколата.

Пробниот тест за проверка на знаењата содржи прашања кои се вреднуваат со бодови во зависност од содржината на прашањето.

Кандидатот за возач го поседува потребното знаење ако во одговорот на пробниот тест постигне најмалку 85% од вкупниот број бодови, а потоа може да отпочне со практично оспособување.

Содржината на тестот од став 3 на овој член не може да биде идентична со содржината на тестот за полагање на возачки испит.

Тестовите со кои е извршена проверката се чуваат во автошколата најмалку три години, од денот на тестирањето.

**2. Практичен дел**

Член 16

Практичниот дел на програмата за оспособување на кандидатите за возачи на моторни возила, мотоцикли и трактори се однесува на изведување на дејствија со моторно возило, мотоцикл или трактор што се од значење за успешно и безбедно управување во согласност со правилата на сообраќајот и условите на патот и во сообраќајот, како и за совладување на техниката и вештината за управување со возилото.

Член 17

Наставниот час за практично оспособување изнесува 45 минути и во текот на еден ден кандидатот може да се оспособува најмногу два наставни часа.

Член 18

Изведувањето на наставата од практичниот дел на програмата за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила, мотоцикли и за возачи на трактори се врши со почетно оспособување на сообраќаен автодром (полигон), а потоа оспособувањето продолжува на јавен пат надвор од населено место и на јавен пат во населено место, во денски и ноќни услови.

Член 19

Почетното оспособување на сообраќајниот автодром (полигон) трае за:

- „А“ категорија – четири наставни часа;
- „А1“ поткатегорија – четири наставни часа;
- „Б“ категорија – шест наставни часа:
- „Ц“ категорија – четири наставни часа;
- „Ц1“ поткатегорија – четири наставни часа;
- „Д“ категорија – четири наставни часа;
- „Д1“ поткатегорија – четири наставни часа;
- "Ф" национална категорија – два наставни часа.

Член 20

Бројот на наставните часови од практичниот дел од програмата за оспособување на јавен пат надвор од населено место и во населено место, дење, за следниве категории, подкатегории и национални категории, изнесува:

- „А“ категорија – десет наставни часа
- „Б“ категорија – 28 наставни часа
- „Ц“ категорија – 14 наставни часа
- „Д“ категорија – десет наставни часа
- „Б+Е“ категорија – осум наставни часа
- „Ц+Е“ категорија – осум наставни часа
- „Д+Е“ категорија – осум наставни часа

- „А1“ поткатегорија – десет наставни часа
- „Ц1“ поткатегорија – 14 наставни часа
- „Д1“ поткатегорија – десет наставни часа
- „Ц1+Е“ поткатегорија – осум наставни часа
- „Д1+Е“ категорија – осум наставни часа

- „Ф“ национална категорија – осум наставни часа

Во случаите од ставот 1 на овој член, бројот на наставните часови на возачот на кого му е издадена возачка дозвола за следниве подкатегории, изнесува:

- „Ц1“ поткатегорија и се оспособува за „Ц“ категорија - четири наставни часа;
- „Д1“ поткатегорија и се оспособува за „Д“ категорија - шест наставни часа;
- „Ц1+Е“ поткатегорија и се оспособува за „Ц+Е“ категорија - четири наставни часа;
- „Д1+Е“ поткатегорија и се оспособува за „Д+Е“ категорија - четири наставни часа.

Член 21

Бројот на наставните часови од практичниот дел од програмата за оспособување на јавен пат надвор од населено место и во населено место, ноќе, за следниве категории изнесува:

- „А" категорија - два наставни часа и
- „Б" категорија - два наставни часа.

Во случаите од ставот 1 на овој член, за сите останати категории и поткатегории бројот на наставните часови изнесува два наставни часа.

Член 22

Наставниот план и програма за оспособување на кандидати за возачи на мотоцикли, за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила од сите категории и поткатегории и за оспособување на кандидати за возачи на трактор и за возачи на работни машини, мотокултиватор и велосипед со помошен мотор и мопед се дадени во Прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

## IV. ЕВИДЕНЦИИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ВОДАТ АВТОШКОЛИТЕ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ВОЗАЧИ

Член 23

За оспособување на кандидатите за возачи во автошколата се водат следните евиденции:

1. Матична книга за евидентирање на кандидати за оспособување на возачи во кои се запишува: реден број, лично име, име на еден од родителите, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, адреса на станот, делот од програмата за кој се врши оспособувањето, број на одржани часови, време за кое кандидатот е оспособен, податоци за успехот на кандидатот на возачкиот испит, име и презиме на инструкторот што го оспособува и забелешка;
2. Евиденција за дополнително оспособување на кандидати за возачи од практичен дел во кој се запишува: реден број, лично име, име на еден од родителите, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, адреса на станот, делот од програмата за кои се врши оспособувањето, број на одржани часови, време за кое се одржани часовите, име и презиме на инструкторот и забелешка;
3. Дневник за евидентирање на изведениот теоретски дел на програмата за оспособување на кандидатите за возачи во кој се запишува: датум и час на одржаната настава, наставен предмет што се предава и наставната единица, потпис на наставникот и имињата и презимињата на кандидатите што ја посетувале наставата;
4. Картон за евидентирање за оспособување на кандидатите за возачи од практичниот дел на програмата за оспособување на кандидатите за возаичи во кој се запишува: називот на автошколата, име и презиме на кандидатот и инструкторот, бројот под кој е запишан во матичната книга, видот и регистарскиот број на возилото и податоци за траењето на оспособувањето на кандидатот, со опис на работата (картонот се чува три години во архивата на автошколата);
5. Картон за евидентирање за дополнително оспособување на кандидати за возачи од практичен дел кој ги содржи истите податоци предвидени во точка 4 на овој член (картонот се чува три години во архивата на автошколата);
6. Евиденција за извршена проверка на знаењето на кандидатот за возач од областа на познавање на правилата во сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци, во кој се запишува: реден број, лично име, име на еден од родителите, дата и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, адреса на станот, дата на извршена проверка, број на пробниот тест, по кој пат полага кандидатот, успех на кандидатот и име и презиме на лицето кое ја извршило проверката и забелешката;
7. Дневна евиденција за работа на возачите инструктори во која се запишува: реден број, датум и време на оспособување, име и презиме на инструкторот, име и презиме на кандидатот за возач;
8. Евиденција за посебните таблици за означување на возилото за оспособување на кандидати за возачи, во кој се запишува: реден број, број на таблицата, кој ја издал, име и презиме на задолжениот возач инструктор и забелешка;
9. Автошколата треба да поседува соодветна информатичка опрема (компјутер, LCD проектор и сл.) и софтверска апликација што овозможува воспоставување и водење единствена база на податоци за спроведување на обуката за кандидати за возачи како и стручна анализа.

Член 24

По престанокот на работа на автошколата, матичната книга од членот 24 став 1 точка 1 од овој правилник се предава во Министерството за внатрешни работи за што се издава соодветна потврда.

Член 25

На оспособениот кандидат за возач во автошколата му се издава:

1. Потврда за проверка на знаењето од правилата за сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци и
2. Потврда за оспособеност на кандидат за возач на моторно возило и за возач на трактор.

Потврдите од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог број 3 и 4 и се составен дел на овој правилник.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумите и начинот на работа на автошколите, наставниот план и програмата, стручниот кадар, опремата со која мораат да располагаат и евиденциите што ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи („Службен весник на Република Македонија" бр.21/06).

Член 27

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 141-92638/1 | Бр. 19-9369/1 |
| 25 ноември 2010 година | 30 ноември 2010 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер | Министер |
| за внатрешни работи, | за образование и наука, |
| м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р. | **Никола Тодоров,** с.р. |

# СКИЦА

## ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ПРВИОТ ПРАКТИЧЕН ДЕЛ НА ВОЗАЧКИОТ ИСПИТ ОД „А“,„Б“,„Ц“ И „Д“КАТЕГОРИЈА, „А1“, „Ц1“ И „Д1“ ПОДКАТЕГОРИЈА

Прилог 1

P=1:500



ПРИЛОГ: 2

# НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА „А“, „А1“, „Б“, „Ц“,"Ц1", „Д“ и „Д1“ КАТЕГОРИИ И ПОДКАТЕГОРИИ И ВОЗАЧИ НА ТРАКТОРИ

## I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА И БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ

### А) ОПШТИ ПРАШАЊА- два наставни часа

**1**.Прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата.
**2**.Значењето на одделни изрази што се употребуваат во прописите од областа во патниот сообраќај.

### Б) ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ- 14 наставни часа

**1.**Општи одредби за поведението на учесниците на сообраќајот на патиштата.
**2.**Дејствија со возилото во сообраќајот:
- Утврдување на условите за изведување дејствија со возилото во сообраќајот;
- Вклучување на возилото во сообраќајот;
- Промена на начинот и правецот на движење.

**3**. Движење на возило по пат:
- Страна на движење;
- Движење на возило на пат со повеќе сообраќајни ленти;
- Свртување надесно или налево;
- Полукружно свртување;
- Движење наназад.

**4**. Брзина на движењето:
- Проценување на сообраќајните услови на патот и прилагодување на брзината на движењето на возилото;
- Ограничување на брзината на движењето;
- Опасности што настануваат поради нагло зголемување, намалување на брзината на движењето и погрешна проценка на одстојанието и растојанието во движење во однос на другите возила.

**5**. Свртување.
**6**.Првенство на минување:
- При свртување на лево;
- Во однос на возила што се движат по шини;
- На пат кој што е означен со сообраќаен знак како пат за првенство на минување;
- При пресечување на велосипетска патека или лента;
- На раскрсница.

**7.** Сообраќај на раскрсница:
- Поим и поделба на раскрсниците;
- Прилагодување на брзината на движењето на возилото;
- Навремено престројување заради свртување налево или надесно;
- Постапување спрема светлосните сообраќајни знаци и знаците што ги даваат униформираните полициски службеници во сообраќајот.

**8.** Разминување.

**9**. Најизменично пропуштање на возилата.

**10.** Престигнување и обиколување:
- Општи правила за престигнување и обиколување;
- Начин на изведување на престигнување и обиколување на возила, пречки и други објекти на патот;
-Опасности што настануваат поради непрописно и неправилно престигнување и обиколување.

**11.** Употреба на звучни и светлосни знаци за предупредување.

**12**. Запирање и паркирање:
- Начин и услови за запирање и паркирање (во сообраќајот на патот);
- Забрана за запирање и паркирање;
- Паркирање на паркиралиште;
- Опасности на патот заради непрописно запирање и паркирање.

**13.**Влечење на возило.

**14.**Употреба на светлата во сообраќајот;
- Употреба на светла ноќе;
- Употреба на светла дење и во услови на намалена видливост;
-Потешкотии на адаптацијата на видот на нееднаквата осветленост на патот.

**15**. Растојание меѓу возилата.

**16.** Сообраќајот на трамваи и на други возила на шини.

**17.**Сообраќај на велосипеди, трицикли и четирицикли, велосипед со помошен мотор и мопеди, мотоцикли, работни машини, мотокултиватори и запрежни возила.

**18**. Движење на добиток по патот.

**19**. Движење на пешаци по патот:
- Правила за движење на пешаците;
- Односот на возачите према пешаците;
- Пресечување на колона пешаци.

**20**. Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга.

**21**.Сообраќај на автопат и пат резервиран за сообраќај на моторни возила:
- Вклучување и начин на движење;
- Забрана на движење на определени категории и возила, ограничување на брзината, начин на запирање и полукрижно свртување;

**22**. Сообраќај во тунел.

**23.** Сообраќај на возила под придружба и возила со право на првенство на минување и односот на возачите спрема нив.

**24.** Товар на возилото:
- Сместување на товарот-означување на товарот.

**25.** Спортски и други приредби на пат.
**26.** Превоз на лица и товар со моторни и приклучни возила и со возила што го влече трактор и мотокултиватор.
**27.**Управување со возило ноќе и поднеповолни временски услови (висока и ниска температура, видливост, дожд, снег, голомразица, ветар, магла, одрони на камење и сл.).

## В) СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И ЗНАЦИ ШТО ГИ ДАВААТ УНИФОРМИРАНИ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ – четири наставни часа

**1**.Поим, улога и значење на сообраќајни знаци за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот.
**2**.Поделба на сообраќајни знаци (вид, форма, боја, значење и поставување).
**3.**Знаци за опасност (форма, боја и значење).
**4**.Знаци за изрични наредби (група, форма, боја и значење).
**5**.Знаци за известување (форма, боја и значење).
**6**.Дополнителни табли.
**7.**Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки.
**8**.Ознаки на коловозот (видови и значење).
**9**.Обележување на премин на пат преку железничка пруга.
**10**.Знаци што ги даваат униформирани полициски службеници при вршење на контрола и регулирање на сообраќајот (вид, начин на давање и нивно значење).

## Г) ОПАСНОСТИ И ПОСЛЕДИЦИ КОИ НАСТАНУВААТ ПОРАДИ НЕПРОПИСНО ИЛИ НЕПРАВИЛНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА- два наставни часа

**1.**Пребрзо возење (движење со возило со недозволена брзина во населено место и надвор од населено место).
**2.**Неприлагодена брзина на движењето на возилото спрема особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските прилики, состојбата на возилото и товарот, густината на собраќајот и другите сообраќајни услови.
**3.**Погрешна проценка на брзината на движењето и одалеченоста на возилата што се движат од спротивна или во иста насока пред или зад возилото.
**4.**Непочитување на прописите за страната на движењето.
**5.**Непочитување на правилата за првенство на минување на раскрсница или погрешна проценка на сообрачајната ситуација за примена на правилата за првенство на минување на раскрсница.
**6.**Престигнување и обиколување на пат каде што нема доволен простор за безбедно и уредно престигнување и обиколување.

**7.**Престигнување на возило кое се доближува на пешачки премин или застанало пред пешачки премин заради пропуштање на пешаци.
**8.**Запирање на возило на коловоз во кривина и во близина на преслап каде прегледноста е недоволна или запирање на коловоз ноќе и без соодветно обележување и обезбедување.
**9.**Непочитување на сообраќајни знаци.
**10.**Непрописно влечење на возило.
**11.**Непрописно употреба на светла.

## Д) НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ НА НЕКОИ ФАКТОРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА - еден наставен час

**1**.Здравстевена состојба за управување со моторно возило (акутни и хронични заболување што имаат влијание врз способноста на возачот).
**2**.Нарушени психофизички особини од значење за способноста на возачот за управување со возилото (острина, рефлекси, рамнотежа, перцепција, мислење, вештина, емоција, реакција и слично).
**3**.Алкохолот и безбедоста на сообраќајот (степен на пијанство и нивно негативно влијание врз психофизичките особини, функциите и однесувањето на возачот).
**4**.Заморот и безбедноста на сообраќајот (видови и знаци на замор, одмор, должина на траење и начин на користење на одмор).
**5**.Лековите, дрогата и безбедноста на сообраќајот (штетни влијанија на определени лекови и дрогата врз психофизичките особини на возачот).

## Ѓ) ВОЗАЧИ НА ВОЗИЛА НА МОТОРЕН ПОГОН – два наставни часа

**1**.Услови за управување со возила (правни, здравствени и психофизички).
**2.**Оспособување на возачи на моторни возила.
**3**.Стекнување право на управување со возило на моторен погон.
**4**.Возачка дозвола.
**5.**Категорија на моторни возила за кои се издава возачка дозвола.
- Важност и продолжување на важноста на возачката дозвола;
- Издавање на нова возачка дозвола наместо загубена или дотраена;
- Одземање на возачка дозвола;
- Меѓународна возачка дозвола;
- Превод и замена на странска возачка дозвола;

**6**.Пробно возење и возила со пробни таблици.
**7**.Одговорност на возачите:
- Кривична;
- Прекршочна;
- Материјална.

## Е) УРЕДИ НА МОТОРНО ВОЗИЛО ШТО СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СОБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА – два наставни часа

**1**.Значење на техничката исправност на возилото од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата.
**2**.Обврски и услови за регистрација на возилата на моторен погон.
**3**.Технички преглед на моторни и приклучни возила.
**4**.Исклучување на возило од сообраќај.
**5.**Отсранување на пат на дефектно и оштетено возило.
**6**.Опрема на мотоцикл (заштитен шлем).
**7**.Уреди за управување со возилото (улога, видови, функционирање, пропишани услови за исправност).
**8**.Уреди за сопирање, улога, видови, функционирање, пропишани услови за исправност).
**9.**Уреди за осветлување на патот и за давање на светлосни знаци (улога, пропишани услови).
**10**.Уреди за нормална видливост ( улога, видови пропишани услови).
**11**.Уреди за спојување на влечно и приклучно возило (улога, пропишани услови).
**12.**Пневматици за возило ( видови, пропишани услови).
**13.**Сигурносни појаси (улога, значење и коритење).
**14**.Опрема за патнички возила.

## Ж) ХУМАНИ ОДНОСИ И СОЛИДАРНОСТ СПРЕМА ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ – три наставни часа

**1**.Општествени норми (правни, технички, морални и обичајни) кои ја обликуваат сообраќајната етика.
**2**.Морално поведение, однесување и солидарност во сообраќајот на патиштата спрема други учесници.
- Собраќајни средства;
- Патот и објектите на него;
- Сообраќјните знаци и службените лица кои вршат контрола и регулирање на сообраќајот.

**3**.Надлежност за вршење на контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата.
**4**.Посебни овластувања на службените лица во конторла и регулирање на сообраќајот и патиштата.
**5**.Посебни односи, обврски, постапки спрема немоќни лица (деца, старци, болни, изнемоштени, инвалиди, слепи и др.).

**3) ДОЛЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА – еден наставен час**

-За учесникот во сообраќајна незгода;
-За возачи и лица кои се стекнати или наишле на местото на сообраќајна незгода.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „А“ категорија и „А1“ подкатегорија не се оспособуваат по наставните содржини опфатени во оваа програма и тоа.
-Делот Б, точки 12, 13, 24 и 25;
-Делот Г, точки 8 и 10 и;
-Делот Е, точки 7,10 и 11.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „Ц“ категорија и Ц1“подкатегорија покрај наставните содржини опфатени во оваа програма, се оспособуваат и по следните содржини:
**1**.Димензии, дозволени габаритни, осовински притисоци и вкупна маса на товарните и приклучните возила.
**2**.Специфичности во превозот на товарот со моторни и приклучни возила:
- Сместување и прицврстување на товарот;
- Означување на товарот што го применува габаритото на возилото;
- Ограничување на брзината на движењето;
- Документација за превоз на товарот.
**3**.Превоз на лица со возила во просторот за сместување на товар:
- Превоз на лица со товарни моторни возила без одобрение и со одобрение;
- Опрема на возилата и контрола на техничка исправност;
- Оптеретување на возилото и право на управување со возилото;
- Брзина на движењето.
**4**.Траење на времето на управување со моторно возило:
-Работно време;
-Одмор на возачите;
-Начин на работа на посадата-екипажот на возилото;
-Евиденции за спроведеното работно време, одмор и прекините на возењето.
**5**.Превоз на опасни материи со моторни и приклучни возила:
- Класификација на опасната материја;
- Услови кои што мораат да ги исполнат возилата за превоз;
- Уреди, прибор и опрема на возилата;
- Означување на возилата;
- Должност на посадата-екипажот на возилата;
- Брзина на движењето на возилото и слично.
**6**.Пробно возење.
**7.**Вонреден превоз.
**8**.Уреди и опрема за товарни моторни возила и автобуси.
**9.** Улога и функционирање на сервоуправувачот, тахографот, влечниот уред за спојување на влечното и приклучното возило.

**10**.Проверка на тхничката исправност на возилото и отклонување на неисправноста:
-Пред секоја употреба;
-Подготвување на возилото за редовен и превентивен технички преглед.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „Д“ категорија и Д1 подкатегорија покрај наставните содржини опфатени во оваа програма, и дополнителните наставни содржини за „Ц“ категорија, се оспособуваати по следните содржини:

**1**.Превоз на патници со моторно возило од „Д“ категорија и „Д1“ подкатегорија:
- Начин на превоз на патниците (линиски, вонлиниски);
-Фактори кои влијаат на безбедноста и превозот на патниците.

**2.**Превоз на ученици и деца (означување на возилото и мерки на претпазливост).

## II. ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

## ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ ОД „А“ КАТЕГОРИЈА И „А1“ ПОДКАТЕГОРИЈА -16 наставни часа

## А) ПОЧЕТНО ОСПОСОБУВАЊЕ

**1**.Запознавање со возилото и со неговите карактеристики, запознавање со инструментите на контролните уреди, со командите на возилото и со начинот на нивната положба.
**2**.Завземање на седечка положба на седиштето на возилото, запознавање со техниката и начинот на движење на телото за стабилност и за одржување на паравецото при движење на возилото.
**3.**Пуштање на моторот во работа, постигнување на работна температура, менување на степенот на пренос во место и употреба на командите и уредите (уред за кочење, светлосно-синални уреди и друго.).
**4.**Пуштање на моторот во работа, тргнување од место, возење право на кратка определена должина и запирање на рамен пат.
**5.** Пуштање на моторот во работа, тргнување од место, промена и возење право со II степен на пренос на определена должина и запирање (рамен пат).
**6.**Возење право со забрзување до III степен на пренос и намалување на брзината со менување до II степен на пренос.
**7**.Возење по ипровизирани кривини на пат на определена должина со брзина до II степен на пренос.
**8.**Возење со скршнување надесно, а потоа налево на импровизирани бочни патишта со брзина до II степен на пренос.
**9**.Возење право на определена должина и изведување на полукружно свртување.
**10.**Тргнување од место на импровизиран поголем наклон на патот и запирање.
**11**.Возење низ импровизирани раскрсници на патишта.

## Б) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО

Возењето по пат со поредок сообраќај: движење, промена на начинот и правецот на движењето (менување на сообраќајна лента, поместување надесно или налево, разминување, престигнување, обиколување и користење на возачко огледало).
**1.**Возење по пат со поредок сообраќај: промена на брзина од најмалиот до најголемиот степен на пренос и одржување на правецот на движење, правилно движење во кривина на надолница и нагорница.

**2**.Возење на пат со погуст сообраќај, разминување, престигнување, обликување, давање на знаци за предупредување, правилно движење во кривина.
**3.**Возење по пат со погуст сообраќај држење правилно растојание од возилото кое се движи напред, минување покрај запрено возило за јавен превоз на патници на автобуска станица, минување покрај пешаци и односот спрема нив и минување покрај добиток.
**4**.Возење ноќе со употреба на светлата во разни ситуации.

## В) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО

**1.**Возење на улуца со поредок сообраќај: вклучување во сообраќај, страни на движење, менување начин и правец на движење (менување на сообраќајна лента, поместување надесно и налево).
**2.**Возење на улица со погуст сообраќај: почитување на правилото за првенство на минување на пешачки премин, постапка на раскрсница со нерегуларан и со регулиран сообраќај со хоризонтални и вертикална сигнализација.
**3**.Возење на улица со погуст сообраќај: возење на раскрсница со изведување на дејствијата: престројување, скршнување, давање знаци за предупредување, вклучување на бочен пат, постапка на раскрсница со светлосни сообраќајни знаци.
**4**.Возење преку пешачки премини и пропуштање на пешаците на пешачки премин со посебен однос спрема деца, стари и немоќни лица.
**5.** Возење ноќе во населено место со употреба на светлата во разни ситуации според конкретниот режим и условите на сообраќајот.
**6.** Возење на улица со погуст сообраќај: проверка на знаењата и вештините за управување на возилото според сообраќајните правила и сообраќајните знаци, во програмата од предходните часови.
**7.** Вежбање на дејствија и вештините за кои кандидатот за возач не е доволно оспособен.

## ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ ОД „Б"КАТЕГОРИЈА-36 наставни часа.

## А) ПОЧЕТНО ОСПОСОБУВАЊЕ

**1.**Запознавање со возилото на кое се врши подготвување и со неговите основни карактеристики.
**2.**Надворешен преглед и контрола на возилото пред тргнување (пневматици,стакла.уреди и др.).
**3.** Влегување во возилото: положба на возачот на седиштето, врзување со сигурносниот појас, запознавање со инструментите на контролните уреди, командите и начинот на нивната употреба.

**4**.Менување на степените на преносот во место без работа на моторот.
**5.**Пуштање на моторот во работа, тргнување од местото, промена на I и II степен на преносот на возење со сопирање ( со разглед или меѓугас или без нив).
**6.**Одржување на правецот на движењето со двете раце и со менување на брзината.
**7**.Возење наназад: одржување на правецот на определа должина, влегување на бочен пат скршнување надесно.
**8**.Повторување на поврзување на предходните дејствија.
**9**.Паркирање на возилото право покрај работа на коловозот со движење напред.
**10**.Движење по импровизирани раскрсници: на патиштата со нерегулиран и со регулиран сообраќај со хоризонтална и вертикална сигнализација, како и со светлосни сообраќајни знаци ( се спроведува во рамките на условите што ги дава местото каде се врши почетното поготвување).
**11**.Работа со управувачот при нагла промена на правецот на движење со полукружно скршнување на возилото без маневра на поширок простор и со двојна маневра на ограничен простор.
**12.** Движење по импровизирани кривини.
**13.**Запирање на паркирањена возилото кон десниот и левиот раб на коловозот и на место определено за паркирање со возење напред односно наназад со употреба на пропишани сигнали.
**14.** Полукружно свртување на возилото на определен простор.

## Б) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО

**1**.Возење по пат со поредок сообраќај: страна на движење, промена на начинот и правецот на движењето (менување на сообраќајна лента, скршнување надесно и налево).
**2.**Возење по пат со поредок сообраќај: промена на најмалиот до најголемиот степен на преносот со одржување на правецот, работа со педалата на гаста и работната кочница при забрзување и оспорување.
**3**.Возење на пат со поредок на сообраќај: возење на нагорница, сопирање на нагорница со употреба на рачна помошна и работна сопирачка.
**4.**Паркирање на нагорница.
**5**.Возење наназад на нагорница.
**6.**Возење на надолница, сопирање на возилото, движење на надолница, намалување на движењето со помош на моторот и префрлување во понизок степен на преносот.
**7.** Паркирање на надолница.
**8**.Разминување, престигнување и обиколување и давање знаци за предупредување.
**9**.Возење ноќе со употреба на светлата и прилагодување на брзината и начинот на движење според конкретните сообраќајни услови.

## В ) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО

1.Возење по улица со поредок сообраќај, страна на движење, промена на начинот на правецот на движењето (скршнување надесно и налево, промена на сообраќајната лента и друго).
**2.** Возење наназад.
**3**. Возење на улица со послаб сообраќај и прилагодување на брзината и начинот на движење според коннкретните услови и сигнализацијата.
**4.** Престројување пред раскрсница со свртување надесно и налево и давање на соодветни знаци за предупредување.
**5.** Возење на улица со интензивен сообраќај: разминување, престигнување, обиколување и давање на знаци за предупредување на другите учесници во сообраќајот, како и користење при тоа на ретровизорот (возачкото огледало).
**6**. Запирање и паркирање помеѓу две возила.
**7**. Влегување и излегување од паркиралиште.
**8**. Возење преку пешачки премин и пропуштање на пешаците на пешачкиот премин, посебно деца, стари и изнепоштени лица.
**9.** Пропуштање на пешаци при скршување на бочен пат.
**10.** Возење во густ сообраќај и прилагодување на брзината и начинот на движењето според конкретните сообраќајни услови.
**11.** Возење по раскрсница, престројување пред раскрсници, скршнување на раскрсници надесно и налево и вклучување на прописните сообраќајни ленти од бочниот пат, почитување на сообраќајните знаци и сигнали.
**12.** Постапка по запирање на возило пред раскрсница.
**13.** Постапка на раскрсница со светлости сообраќајни знаци (семафори) непосредно кога при доаѓањето се појави жолто светло.
**14**. Поминување со возилото покрај запрено возило за јавен превоз на автобуска стаица, кога патниците влегуваат и излегуваат од таквото возило или преминуваат преку коловозот.
**15.** Поминување покрај пешаци, посебно наводен коловоз.
**16.** Движење на правилно растојание помеѓу возилата во движење.
**17.** Полукружно свртување на возилото без или со маневра, надвор и на површина на која се врши јавен сообраќај, правилно свртување на управувачот за време на движење на возилото.
**18.** Прилагодување на начинот и на брзината на движењето на возилото според особините и состојбите на патот (кривини, преслап и друго) според временските прилики видливоста (магла, голомразица и друго) според густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови.

## Г) КОМБИНИРАНО ОСПОСОБУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО.

**1**.Возење на премин на пат преку железничка пруга.

**2.** Возење на пат надвор од населено место со развивање на поголеми брзини, промена на степените на пренос и одржување на правецот на движење.

**3.**Прилагодување на брзината и начинот на движењето според конкретните услови, режимот на сообраќајот и сообраќајната сигнализација.

**4.**Возење на пат надвор од населено место, возење во кривина, на надолница, нагорница, прилагодување на брзина на движење, запирање и поаѓање на нагорница.

**5.**Возење на пат надвор од населено место, вежбање на разминување, престигнување, обиколување, правилно поминување преку пешаци, посебно спрема деца, стари и изнемоштени лица, поминување покрај домашен добиток.

**6**.Возење на пат во населено место со погуст сообраќај, вежбање престројување и скршнување на раскрсници на десно налево (правилен лак при скршнување), вежбање на движење на раскрсница со вклучување од спореден на главен и од главен на спореден пат со примена на правилата за првенство на минување, вежбање на возење на пешачки премин со примена на правилата со пропуштање на пешаците посебно децата, старите изнемоштени лица.

**7**.Возење на пат со инензивен сообраќај во населено место и надвор од населено место, увежбување на возењето според конкретниот режим на сообраќај според хоризонталната, вертикалната и светлосната сигнализација, според особините и состојбите на патот,според временските прилики (воден коловоз, магла и слично) густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови.

**8.** Возење ноќе во населено место по осветлени и неосветлени улици со употреба на светлата, според конкретниот режим и услови на сообраќајот, со посебно вежбање на разминување, обиколување, движење на пешачки премин, движење на раскрсница со поминување покрај пешаци.

**9.** Возење ноќе надвор од населено место на неосветлен пат со употреба на светлата, според конкретниот режим и услови на сообраќајот со посебно вежбање на разминување и употреба на светлата, поминување покрај пешаци и добиток и прилагодување на брзината на движењето според условите на патот и густината на сообраќајот.

**10.** Возење во населено место и надвор од населено место и вежбање на оние дејствија или вештини за кој кандидатот за возач не е доволно оспособен.

**ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ ОД „Ц“ КАТЕГОРИЈА И ЗА „Ц1“ ПОДКАТЕГОРИЈА- 20 наставни часа**

Кандидатите за возачи од категорија ,,Ц“ и поткатегорија ,,Ц1“ се оспособуваат по содржините на оваа програма за оспособување на кандидати за возачи од ,,Б“ категорија и последните дополнителни содржини:

## А) ПОЧЕТНО ОСПОСОБУВАЊЕ

**1.**Запознавање со возилото на кое се врши подготвување и со неговите основни карактеристики.
**2.**Надворешен преглед и контрола на возилото пред тргнување (пневматици, стакла, уреди и др.).
**3.** Влегување во возилото, положба на возачот на седиштето, врзување со сигурносниот појас, запознавање со инструментите на контролните уреди, командите и начинот на нивната употреба.
**4.**Менување на степените на преносот во место без работа на моторот.
**5**.Пуштање на мотор во работа, тргнување од место, промена на I и II степен на преносот во возењето со сопирање (со раздел или меѓугас или без нив).
**6**.Одржување на правецот на движењето со двете раце и со менување на брзината.
**7.**Возење на пат надвор од населено место со интезивен сообраќај, вежбање на поголема и помала брзина со менување на степените на пренос и одржување на правецот на движење, вежбање на возење во кривини, на надолница и нагорница, прилагодување на брзината на движењето според особините на патот и состојбата на возилото, запирање и поаѓање на нагорница.
**8**.Возење на пат во населено место со интезивен сообраќај, вежбање на правилата за движење на раскрсница со регулиран и нерегулиран сообраќај (доближување кон раскрсница, престројување, скршнување налево и надесно, вклучување на бочен пат примена на правилата за првенство на минивање), како и вежбање на следењето и примената на сообраќајната сигнализација, следењето на собраќајната сигнализација, правилно однесување кон другите учесници во сообраќајот и реагирање на опасностите.
**9**.Возење на пат во населено место со интезивен сообраќај според конкретните услови и режимот на сообраќајот според сообраќајната сигнализација според временските прилики и другите услови.
**10**.Возење во населено место или надвор од населено место и вежбање на оние дејствија или вештини за кои кандидатот за возач не е доволно способен.

Кандидатот за возач од „Ц“ категорија и „Ц1“ подкатегорија кој поседува возачка дозвола од „Б“ категорија, не се оспособува по

содржините за оспособување на кандидати за возачи од „Б“ категорија односно од делот А-почетно оспособување точка 7-14, делот Б-„оспособување на јавен пат надвор од населено место“ точка 1-9, делот В-„оспособување на јавен пат во населено место“ точка 1-18, делот Г-„оспсобување во наелено и надвор од населено место“ точка 1-5 и точка 10 и по содржините за оспособување на кандидати за возачи „Ц“ категорија, точка 3 од оваа програма.

**ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ ОД „Д“ КАТЕГОРИЈА И ЗА „Д1“ ПОДКАТЕГОРИЈА-16 наставни часа**

Кандидатите за возачи од „Д“категорија се оспособуваат по содржините на оваа програма наведени под делот Г-„оспособување во населено место и надвор од населено место“ и по дополнителни содржини за оспособување на кандидати за возачи од „Ц“ и „Ц1“ подгатегорија.

**ЗА ОСПСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИИ ЗА ВОЗАЧИ ОД „Б+Е“, „Ц+Е“, „Ц1+ Е“, „Д+Е“ И „Д1+Е“КАТЕГОРИЈА ОДНОСНО ПОДКАТЕГОРИЈА-осум наставни часа**

Кандидатите за возачи од погоренаведените категории и подкатегории се оспособуваат по содржината за оспособување на кандидати за возачи од „Б“ категорија, односно делот В-„оспособување на јавен пат во населено место“ точки 1,2,17 и 18 и по содржините за оспособување на кандидати за возачи од „Ц“ категорија и „Ц1“ подкатегорија точки 1,2,3 и 4.

# НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ ОД СИТЕ КАТЕГОРИИ И ПОДКАТЕГОРИИ, ТРАКТОР, РАБОТНИ МАШИНИ, МОТОКУЛТИВАТОР, ВЕЛОСИПЕД СО ПОМОШЕН МОТОР И МОПЕД

## I.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1.ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

### А) ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ

**1**.Општи одредби за поведението на учениците во сообраќајот на патиштата.
**2**.Вклучување на возилото во сообраќај.
**3**.Страна на движење по патот.
**4**.Свртување надесно и налево.
**5**.Полукружно свртување.
**6**.Брзина на движењето и опасности поради брзината.
**7**.Првенство на минување:
- при свртување налево;
- во однос на возилата што се движат по шини;
- на пат кој што е означен со сообраќаен знак како пат со првенство на минување;
- на раскрсница.

**8**.Сообраќај на раскрсница.
**9**.Свртување на возило на раскрсница:
- навремено престројување заради свртување;
- свртување надесно;
- свртување налево.

**10**. Разминување.
**11**.Престигнување и обиколување:
- општи правила за престигнување и обиколување;
- начин на изведување на пристигнувањето и обиколување на возила, пречки и други објекти на патот.

**12**.Употреба на звучни и светлосни знаци за предупредување.
**13**.Запирање и паркирање.
**14**.Употреба на светла во сообраќајот.
**15**.Растојание меѓу возилата.
**16**.Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга.
**17**.Сообраќај на возила под придружба и со право на првенство на минување и односот на возачите спрема нив.
**18.**Движење на пешаци по пат и обврските на возачите спрема нив.
**19**.Сообраќај на велосипеди, трицикли и четирицикли.
**20**.Сообраќај на трактори кој што влечат запрежно возило.

**21**.Сообраќај на работни машини и мотокултиватори.
**22.**Сообраќај на запрежни возила и движење на добиток по патот.
**23.**Превоз на лица и товар со приклучно возило што го влече трактор и мотокултиватор.
**24**.Управување со возило ноќе и под неповолни услови.

## Б) СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ ШТО ГИ ДАВААТ УНИФОРМИРАНИ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

**1**.Знаци на опасност (изглед и значење).
**2**.Знаци за изрични наредби (изглед, значење).
**3**.Знаци за известување (изглед, намена).
**4**.Дополнителни табли (значење).
**5**.Светлосни сообраќајни знаци и други светлосни ознаки;
**6**.Ознаки на коловоз (видови и значење).
**7.**Обележување на премин на пат преку железничка пруга.
**8**.Обележување на работи на пат.
**9**.Знаци што ги даваат униформирани полициски службеници при вршење на контрола и регулирање на сообраќајот (вид, начин на давање и нивно значење).

## В) ОПАСНОСТИ И ПОСЛЕДИЦИ КОИ НАСТАНУВААТ ПОРАДИ НЕПРАВИЛНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА – еден наставен час

**1**.Погрешна проценка на брзината на движењето и оддалеченоста на возилата што се движат од спротивната или во насока пред или зад возилото.
**2**.Непочитување на прописи за страната на движењето.
**3**.Непочитување на правилата за првенство на минување на раскрсница или погрешна проценка на сообраќајната ситуација за примена на правилата за првенство на минување на раскрсница.
**4**.Престигнување и обиколување на пат каде што нема доволен простор за безбедно и уредно престигнување и обиколување.
**5.**Престигнување на возило кое се доближува кон пешачки премин или застанало пред пешачки премин.
**6**.Непочитување на сообраќајните знаци.

## II.ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА ТРАКТОРИ – 12 - наставни часа

## А) ПОЧЕТНО ОСПОСОБУВАЊЕ

-запознавање со возило на кое се врши подготвувањето и со неговите основни карактеристики;
-надворешен преглед и контрола на возилото пред тргнување (пневматици, стакла, уреди и друго);
-влегување во возилото, положба на возачот на седиштето, запознавање со инструментите на контролните уреди, командите и начинот на нивната употреба;
-пуштање на моторот во работа;
-менување на степените на преносот во место и постигање на работна температура;
-пуштање на моторот во работа;
-тргнување од местото;
-промена на I и II степен на преносот на возење, со сопирање (со раздел или меѓугас или без нив);
-одржување на правецот на движењето со двете раце и со менување на брзината.

## Б) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО

-возење по пат со поредок сообраќај, вклучување во сообраќајот, страна на движење, промена на начинот и правецот на движењето (менување на сообраќајна лента, скршнување надесно и налево);
-возење по пат со поредок сообраќај, промена од најмалиот до најголемиот степен на преносот со одржување на правецот, работа со педалата на гаста и работната кочница при забрзување и успорување;
-возење по пат со поредок сообраќај, возење на нагорница сопирање на нагорница со употреба на рачна, помошна и работна сопирачка;
-паркирање на нагорница;
-возење наназад на нагорница;
-возење на надолница, сопирање на возилото, движење на надолница, намалување на движењето со помош на моторот и префрлување во понизок степен на преносот;
-паркирање на надолница;
-разминување, престигнување и обиколување и давање знаци за предупредување;
-возење ноќе со употреба на светлата и прилагодување на брзината и начинот на движење според конкретните сообраќајни услови.

## В) ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПАТ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО

-возење по улица со поредок сообраќај;
-вклучување во сообраќајот, страна на движење, промена наначинот и правецот на движење (скршнување надесно и налево, промена на сообраќајната лента и друго);
-возење наназад, возење на улица со послаб сообраќај и прилагодување на брзинатаи начинот на движење според конкретните услови и сигнализацијата;
-престројување пред раскрсница со свртување надесно и налево и давање на соодветни знаци за предупредување;
-возење на улица со интензивен сообраќај, разминување престигнување, обиколување и давање на знаци за предупредување на другите учесници во сообраќајот, како и користење при тоа на ретровизорот (возачкото огледало);
-запирање и паркирање помеѓу две возила;
-влегување и излегување од паркиралиште;
-возење преку пешачки премин и пропуштање на пешаците на пешачкиот премин, посебно деца, стари и изнемоштени лица;
-пропуштање на пешаци при скршнување на бочен пат;
-возење во густ сообраќај и прилагодување на брзината и начинот на движење според конкретните сообраќајни услови;
-возење по раскрсници, престројување пред раскрсници, скршнување на раскрсници надесно и налево и вклучување на прописните сообраќајни ленти од бочниот пат, почитивање на сообраќајните знаци и сигнали;
-постапка по запирање на возило пред раскрсница;
-постапка на раскрсници со светлосни сообраќајни знаци (семафори) непосредно кога при доаѓањето се појави жолто светло;
-поминување со возилото покрај запрено возило заједен превоз на патници на автобуска станица, кога патниците влегуваат и излегуваат од таквото возило или преминуваат преку, коловоз;
-поминување покрај пешаци, посебно на воден коловоз;
-држење на правилно растојание помеѓу возилата во движење.

## Г) ОСПОСОБУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО

- возење на премин на пат преку железничка пруга;
- возење на пат надвор од населено место со развивање на поголема брзина, промена на степените на пренос и одржување на правецот на движење;
-прилагодување на брзината и начинот на движењето според конкретните услови, режимот на сообраќајот и сообраќајната сигнализација.

ПРИЛОГ БР:3

Назив на автошколата:
_________________________________
Матична книга бр.________________
од________________________година
_________________________________
(место)

Врз основа на член 251 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се издава

**П О Т В Р Д А**
**ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО ОД ПРАВИЛАТА ЗА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА И СООБРАЌАЈНИТЕ ЗНАЦИ**

Потврдуваме дека кандидат за возач на моторно возило___________________________од
(име и презиме)
-___ категорија / ___ поткатегорија /возач на трактор, од __________ роден ___________

година, со ЕМБГ __ __ ___ ___ ___ , во времето од ___________ до____________година посетувал/а настава по наставниот План и програма за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила од теоретскиот дел и поседува потребно знаење од правилата на сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци.

**Проверката на потребното знаење од правилата на сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци е извршена на ден________________________________година**

**Стручен раководител**

**М.П** **____________________**

**( име и презиме-с.р)**

ПРИЛОГ БР:4

Врз основа на член 255 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се издава

**П О Т В Р Д А**
**ЗА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ НА МОТОРНО ВОЗИЛО И ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР**

Потврдуваме дека кандидатот за возач ___________________________од_____________
(име и презиме)
ул._____________________-бр.___ роден ________ година, во времето од ________ до ___________ година посетувал настава за возач на моторно возило и за возач на трактор по наставен План и програма за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила од теоретски и практичен дел.

**Потврдата се издава за извозени ______ наставни часови**

Кандидатот е оспособен за возач на моторно возило од „ _________ “ категорија / „ _________ “поткатегорија / возач на трактор.

**Стручен раководител**

**М.П** **____________________**

**(име и презиме-с.р)**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3532.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009), министерот за труд и социјална политика, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ“ СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на Статутот на ЈУ Детски Дом „11 Октомври“ Скопје, бр. 02-1455/2 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 12.11.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 10-8257/2
15 декември 2010 година
Скопје

Министер,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**3533.**

Врз основа на член 72 став 9 од Законот за управување со отпадот (“Службен весник на Република Македонија” бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08 и 124/10), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

### П Р АВ И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КОИ МОРААТ ДА ГИ ПРЕЗЕМАТ ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, СОПСТВЕНИЦИТЕ И СУБЈЕКТИТЕ КОИ ПОСТАПУВААТ СО ИСКОРИСТЕНИТЕ ВОЗИЛА, НИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ, ЦЕЛИТЕ И РОКОВИТЕ ЗА НИВНО ПОСТИГНУВАЊЕ И НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА СКЛАДИРАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОЗИЛОТО ЗА УНИШТУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА[*]

Член 1

Во Правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија “ бр. 108/09), Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Одредбата на член 1 од овој правилник ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-10656/1
16 ноември 2010 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Неџати Јакупи,** с.р.

---

[*] Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката на Комисијата од 23 февруари 2010 година за изменување на Прилог 2 на Директивата 2000/53/ЕС на Европскиот парламент и на Советот за искористени возила, 32010D0115

Прилог 2

## МАТЕРИЈАЛИ И КОМПОНЕНТИ КОИ СЕ ПУШТААТ НА ПАЗАР

| Материјали и компоненти | Опфат и рок за исклучокот | Се означува со етикета |
|---|---|---|
| *Оловото како елемент од легура* | | |
| 1. Челик за машински цели и галванизиран челик што содржи до 0.35% олово во тежината | | |
| 2(а). Алуминиум за машински цели што содржи олово до 2 % во тежина | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2005 година | |
| 2(б). Алуминиум за машински цели што содржи олово до 1,5 % во тежина | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2008 година | |
| 2(в). Алуминиум за машински цели што содржи олово до 0,4 % во тежина | | |
| 3. Бакарна легура што содржи олово до 4 % во тежина | | |
| 4(а). Постелки на лежишта и заптивки | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2008 година | |
| 4(б). Постелки на лежишта и заптивки во машини, трансмисии и компресори за климатизери | 1 јули 2011 година и после овој датум како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2011 година | |
| *Олово и оловни состојки во компонентите* | | |
| 5. Батерии | | x |
| 6. Амортизери | | x |
| 7(а). Вулканизерски агенси и стабилизатори за еластомери кај црева за кочници, за гориво и за вентилација, делови од еластомер/метал применети кај шасијата и монтирање на мотор | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2005 година | |
| 7(б). Вулканизерски агенси и стабилизатори за еластомери кај црева за кочници, гориво и вентилација, делови од еластомер/метал применети кај шасијата и монтирање на мотор што содржат олово до 0,5 % во тежина | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2006 година | |
| 7(в). Врзувачки агенси за еластомери применети кај погонските механизми што содржат олово до 0,5 % во тежина | Како резервни делови за возилата пуштени на пазар пред 1 јули 2009 година | |
| 8(а). Олово во лемови за спојување на електрични и електронски делови на печатени плочи и олово во краевите од прекинувачите на составните делови поинакви од електролитни алуминиумски кондензатори, на составните делови од пиновите и печатените плочи | Тип на возила одобрен пред 1 јануари 2016 година и резервни делови за овие возила | x [(1)] |

| | | |
|---|---|---|
| 8(б). Олово во лемови во електрични апликации поинакви од лемењето на печатени плочи или на стакло | Тип на возила одобрен пред 1 јануари 2011 година и резервни делови за овие возила | x (1) |
| 8(в). Олово во краевите од прекинувачите на електролитни алуминиумски кондензатори | Тип на возила одобрен пред 1 јануари 2013 година и резервни делови за овие возила | x (1) |
| 8(г). Олово користено при лемење на стакло во мноштво сензори за проток на воздух | Тип на возила одобрен пред 1 јануари 2015 година и резервни делови за овие возила | x (1) |
| 8(д). Олово во лемови со висока температура на топење (како на пр. легури на база на олово што содржат 85 % тежински олово или и повеќе) | x | x (1) |
| 8(ѓ). Олово во системи на пински конектори | x | x (1) |
| 8(е). Олово во лемови за остварување електрична конекција помеѓу полуспроводникот и носачот од пакувањето на интегрираното коло | x | x (1) |
| 8(ж). Олово во лем за спојување разладувачки елементи и тела кои се загреваат во електричните полуспроводници составени во чип со големина од најмалку 1 $cm^2$ на проектираната површина и постојна номинална осетливост од најмалку 1 $A/mm^2$ на површината од силиконот на чипот | x | x (1) |
| 8(з). Олово во лемови во електрични глазирачки апликации на стакло освен за лемење во ламинатно глазирање | Тип на возила одобрен пред 1 јануари 2013 година и резервни делови за овие возила x | x (1) |
| 8(ѕ). Олово во лемови за лемење во ламинатно глазирање | x | x (1) |
| 9. Лежишта на вентили | Како резервни делови за тип на машини развиен пред 1 јули 2003 година | |
| 10. Електрични компоненти што содржат олово во делот на стаклени или керамички матрици, освен стакло кај светилки и глазура кај свеќички | | x (2) (за компоненти поинакви од пиезо кај мотори) |
| 11. Пиротехнички иницијатори | Тип на автомобили одобрени пред 1 јули 2006 година и резервни делови за овие автомобили | |
| *Шестовалентен хром* | | |
| 12(а). Облоги што спречуваат корозија | Како резервни делови за автомобили пуштени на пазар пред 1 јули 2007 година | |
| 12(б). Облоги што спречуваат корозија во однос на примена на врски од шасијата со навртки и завртки | Како резервни делови за автомобили пуштени на пазар пред 1 јули 2008 година | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. Апсорбциски ладилници кај комбиња | | |
| *Жива* | | |
| 14(а). Ламби со празнење применети кај фарови | Тип на автомобили одобрени пред 1 јули 2012 година и резервни делови за овие автомобили | |
| 14(б). Ламби со празнење и монитори од инструмент табли | Тип на автомобили одобрени пред 1 јули 2012 година и резервни делови за овие автомобили | |
| *Кадмиум* | | |
| 15. Батерии за електрични возила | Како резервни делови за возила пуштени на пазар пред 31 декември 2008 година | |

Забелешки:

- Треба да се толерира максимална концентрирана вредност до 0.1 % во тежина за похомоген материјал за олово, шестовалентен хром и жива, а до 0.01 % во тежина за похомоген материјал за кадмиум.
- Без ограничувања дозволено е повторно користење на делови од возилата кои што на датумот кога истекува исклучокот веќе биле пуштени на пазарот, имајќи го предвид фактот дека тие не се опфатени со членот 13 од овој правилник.
- Резервните делови кои што биле пуштени на пазарот после 1 јули 2003 година, кои се користат во возилата пуштени на пазарот пред 1 јули 2003 година, се изземени од одредбите на член 13 на овој правилник (оваа одредба не се однесува за балансирање на тежини на тркала, јаглеродни четкички за електрични мотори и за облоги на кочниците).

---

(1) Да се издвојат доколку заедно со материјалите и компонентите од точка 10 го надминат просечниот праг од 60 грама по возило. При примена на оваа одредба не се земаат предвид електронските апарати кои не се инсталирани од страна на производителот при производство на возилото.

(2) Да се издвојат доколку заедно со материјалите и компонентите од точка 8(а) до 8(ѕ) го надминат просечниот праг од 60 грама по возило. При примена на оваа одредба не се земаат предвид електронските апарати кои не се инсталирани од страна на производителот при производство на возилото.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3534.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009 и 34/2010), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ” бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 20.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 35,549 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 36,937 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 36,379 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 35,950 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 27,513 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 73,50 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 75,00 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 62,00 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 51,00 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 33,987 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 73,00 | 72,50 | 72,00 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 74,50 | 74,00 | 73,50 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 61,50 | 61,00 | 60,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 50,50 | 50,00 | 49,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно За-

конот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 22,069
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 21,953

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,133

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 21.12.2010 година.

Бр. 02-2003/1
20 декември 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

## АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3535.**

Врз основа на член 34 од Законот за адвокатура и член 23 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија, на седницата одржана на ден 13 ноември 2010 година ја донесе, следната

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

Член 1

Во член 8 став 1, точка 9 после зборот "еден" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а полномошната се составени на заштитен А4 образец, со холограм на АКРМ и отпечатен сериски број.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Управен одбор на
Адвокатска комора на РМ

---

**3536.**

Врз основа на член 15 од Законот за Адвокатура („Службен весник на РМ" бр. 80/92) и член 25 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, на 40-то годишно собрание одржано на 27.03.1993 година, Адвокатската комора ја донесе, а Управниот одбор на АКРМ, врз основа на член 34 став 2 точка 5 од Законот за адвокатура („Службен весник на РМ" бр. 59/02) и член 23 став 1 алинеја 1 од Статутот на АКРМ, со своја одлука на седницата одржана на ден 13 ноември 2010 година, го утврди пречистениот текст на

### Т А Р И Ф А
### ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

ОПШТИ ОДРЕДИ

Член 1

Со оваа тарифа се одредува висината на наградата и трошоците на дадената правна помош.

Адвокатот и странката можат слободно да ја договорат наградата и трошоците како и начинот и средствата за плаќање, но не пониско од предвидените со тарифата.

Член 2

Плаќањето на наградата и трошоците се врши во пари, а се пресметува во денари.

Член 3

Во предметите во кои една од странките е странско физичко или правно лице, во предметите во кои има прилози на странски јазик, или се контактира на странски јазик, наградата е двојно поголема.

Член 4

Ако во текот на постапката се изменила Тарифата еднаш или повеќе пати, ќе се примени тарифата што е во сила на денот на пресудувањето односно на одлучувањето. Од тој ден па до денот на исплатата на износот на адвокатската награда и трошоците се пресметува законска камата.

Неисплатената награда и трошоци странката секогаш ги плаќа на адвокатот по тарифата што е во сила на денот на плаќањето.

Напомена:

Со решение на Уставниот суд на РМ, У.бр. 115/93 од 15.09.1993 година, не се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4.

Член 5

За дел од наградата и трошоците, странката може да му даде аконтација на адвокатот.

Ако странката го откаже полномошното на адвокатот, должна е да му исплати за едно дејствие што требало да се преземе.

Член 6

На странката, која по законот може да биде ослободена од плаќање на трошоци на постапката (сиромашно право), адвокатот е должен да и даде бесплатна правна помош.

НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ

Член 7

За извршување на правна помош, странката е должна на адвокатот да му ги надомести и трошоците:

1. За превоз, до висина на трошоците на патниот билет за превозното средство што го користел адвокатот, а за употреба на сопствено возило ќе му надомести по 30% од цената на најскапиот бензин за секој изминат километар.

2. За ноќевање, до висина на трошоците за ноќевање.

3. На име дневница ќе му се исплати вообичаена дневница или по договор.

4. За отсуство од канцеларија , ќе му бидат надоместени трошоци за секој започнат час 20% од наградата за дејствието за кое патува, но не повеќе од 7 часа за еден ден.

НАГРАДА ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ

Член 8

**I.Награда за пишување на писмени состави (поднесоци)**

1. За пишување на поднесоци со кои се поведува постапка, образложени поднесоци, приговори, одговори и изјави на последна волја, предлог за извршување наградa се определува според висината на барањето во поднесокот или според пропишаната дисциплинска или друга мерка и според пропишаната казна.

2. За поднесоци со барање:

- до 10.000 денари или пропишана дисциплинска мерка, парична казна или затвор до 1 година изнесува..............................................................1.000,00 денари

- од 10.001,00 до 25.000,00 денари или казна затвор до три години наградата изнесува ....... 1.500,00 денари.

- од 25.001,00 до 50.000,00 денари или казна затвор до пет години наградата изнесува ………2.000,00 денари.

- од 50.001,00 денари до 100.000,00 денари или казна затвор до десет години наградата изнесув 2.500,00 денари.

- над 100.001,00 или казна затвор над десет години како и во полициска постапка наградата изнесува ..3.000,00 денари.

- за состав на писмени договори наградата изнесува од 1.000,00 до 2.000,00 денари.

3. За поднесоците со кои се поведува постапка пред Уставен суд, за статусни и станбени спорови, за работни спорови, авторски права, патенти и лиценци, како и индустриска сопственост, за упис на основање и измена на регистрацијата во трговскиот регистар, наградата изнесува колку максималната во точка 2.

4. За застапување и одбрана пред судовите, нотари, извршители, центри за социјална работа, работодавецот, полициските, инспекциските и други органи, како и превземање на дејствија од точка 2 на овој став кои се одвиваат во повеќе денови, без оглед дали се одржани, продолжени или одложени, како и за рочиштето за објавување на Одлука, секој започнат ден се смета за ново застапување, односно нова одбрана. Во постапка за застапување пред полиција наградата е двојна од највисоката определена во точка 2.

5. За состав и пишување на нормативни акти, наградата се договара со писмен договор.

6. Во поднесоците во кои покрај главното барање се предлага времена мерка или предлог за обезбедување докази, наградата се зголемува за 20 %.

7. Во поднесоците во кои има тужба и противтужба, наградата се определува според збирот на двете барања.

8. Во поднесокот во кој има повеќе учесници, наградата се зголемува по 30% за секое наредно лице, а за секое наредно лице од спротивната страна по 15%, но не повеќе од пет пати од предвидената награда од член 8 од Тарифата.

9. За поднесоци за издршка, необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и превземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки и други видови полномошна како и трошковници и други слични поднесоци, наградата е како најниската награда од точка еден, а полномошната се составени на заштитен А4 образец, со холограм на АКРМ и отпечатен сериски број.

10. За поднесоците во кои се бранети повеќе лица, наградата од точка осум се зголемува по 50% за секое наредно лице, а ако има сообвинети за секое наредно лице по 25%, но не повеќе од пет пати од предвидената награда од член 8 од Тарифата.

**II. Награда за одбрана и застапување**

1. За застапување и одбрана, наградата е како за состав на соодветниот поднесок и саатнина од 20% за секој започнат час.

2. За одбрана на клиент во претходна судска постапка, посета на клиент лишен од слобода, за присуство на вештачења, за увид на лице место и слични дејствија, наградата изнесува како под точка еден од Тарифата.

3. За застапувања и одбрана како и превземање на дејствија од точка 2 на овој став кои се одвиваат во повеќе денови, без оглед дали се одржани, продолжени или одложени, секој започнат нов ден се смета за ново застапување, односно нова одбрана.

**III. Награда за состав на правен лек**

За состав на редовен и вонреден правен лек и одговор на редовен и вонреден правен лек, наградата е 50% поголема од наградата за застапување или одбрана, а ако адвокатот не учествува на расправа или претрес, наградата е 100% зголемена.

**IV. Награда за правни совети**

1. За усмен правен совет, наградата изнесува 20% од соодветната награда за писмен состав и саатнина од 20% за секој започнат час.

2. За писмени совети наградата изнесува 50% од соодветната награда за писмен состав и саатнина од 20% за секој започнат час.

**V. Заеднички одредби**

1. Наградата предвидена по одредбите на оваа Тарифа се зголемува за 30% на име паушал за сите споредни дејствија што се тарифирани.

2. За утврдување на правосилност и извршност наградата изнесува 10% од предвидената за соодветното дејствие по оваа тарифа.

3. Сите дејствија предвидени со оваа тарифа се тарифираат според најсродното дејствие од оваа тарифа.

4. Наградата предвидена со оваа тарифа за сите дејствија што ги превземаат адвокатите, обврзници на ДДВ, се пресметува и наплаќа зголемена за износот на ДДВ.

5. Статусот на ДДВ обврзник, адвокатот го докажува со соодветен документ издаден од надлежен орган.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Толкување и тековно усогласување на оваа тарифа со порастот на трошоците за живот врши Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија.

Член 10

Пречистениот текст на Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите ги опфаќа : Тарифата за награди и надомест на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“ бр. 23/93), Одлука („Службен весник на РМ“ бр. 4/94), Одлука за измена на Адвокатска тарифа („Службен весник на РМ“ бр. 80/02), Одлука за измени и дополнувања на Тарифата за награда и надомест за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“ бр. 14/05), Одлука за измена и дополнување на Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“ бр.147/09) и Одлука за измена и дополнување на Тарифата за награда И надомест на трошоците за работа на адвокатите (донесена на седница на Управен одбор на Адвокатската комора на Република Македонија на ден 18.09.2010 година), во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

Управен одбор на
Адвокатска комора на РМ

---

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**3537.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА**

1. Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп.

2. Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струмица.

3. Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш.

Кандидатите за избор на Основен јавен обвинител освен условите предвидени во чл. 44 ст. 1 од Законот за јавно обвинителство („Сл.весник на РМ“ бр. 150/07), потребно е како посебен услов да исполнуваат работно искуство од најмалку три години како јавен обвинител со потврдени резултати во работата.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, уверенијата за државјанство и лекарското уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж како јавен обвинител, диплома за завр-

шен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверена фотокопија на нотар, и доказ за верифицирана изјава за исполнување на условите за вршење на јавна функција согласно со чл.2, став 2 и член 3, став 2 од Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ" бр. 14/08 од 29.1.2008 година) и Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ" бр. 64/09 од 22.5.2009 година), издаден од надлежната Комисија за верификација на факти, согласно со наведениот Закон, и да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Македонија ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 26 кат 4 во рок од 15 дена од објавата на овој оглас во „Службен весник на РМ".

Некомлетните документи нема да бидат разгледувани.

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

---

**3538.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 150/07), објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА**

I

1. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес.

2. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово.

3. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица.

4. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гевгелија.

5. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид.

6. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга.

Кандидатите за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл. 45 од Законот за јавно обвинителство („Сл.весник на РМ" број 150/07), Законот за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство („Сл.весник на РМ" бр. 111/08), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

I. Кандидатите за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства Велес, Тетово, Струмица, Гевгелија, Охрид и Струга од точка I од огласот, како посебен услов потребно е да имаат завршено Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверенијата за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), Уверение за завршена Академија за судии и јавни обвинители, треба да достават и доказ за верифицирана изјава за исполнување на условите за вршење на јавна функција согласно со чл.2, став 2 и член 3, став 2 од Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ" бр. 14/08 од 29.1.2008 година) и Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ" бр.64/09 од 22.5.2009 година), издаден од надлежната Комисија за верификација на факти, согласно со наведениот Закон. Потребните документи да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Македонија ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 26, во рок од 15 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ".

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010164